Телефон: + 38946511000
Телефакс: + 38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб
6000 Охрид
Република Македонија

Бр. ______________________

Охрид, _________ 20___ год.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ**
**„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ"-ОХРИД**

# СТАТУТ

**Охрид, 2019 година**

**СОДРЖИНА:**

1. **Основни одредби**
2. **Автономија на Универзитетот**
3. **Заштита од дискриминација и гаранции за еднаквоста во високото образование**
4. **Финансирање на дејноста и имотот на Универзитетот**
5. **Јавност во работата**
6. **Дејност на Универзитетот и на единиците**
7. **Структура на Универзитетот**
8. **Стручна и административна служба и внатрешна организација на Универзитетот**
9. **Органи и тела на високообразовната установа**
10. **Органи и тела на единиците на Универзитетот**
11. **Овластувања, права и обврски на единиците на Универзитетот**
12. **Високообразовна дејност**
13. **Наставно - научни, наставно - стручни, научни и соработнички звања**
14. **Научна, уметничка и стручна работа**
15. **Самоевалуација на Универзитетот и на единиците на Универзитетот**
16. **Студенти, студентски правобранител и учество на студентите во управувањето**
17. **Интеруниверзитетска конференција**
18. **Преодни и завршни одредби**

Врз основа на член 94 алинеја 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија,“ бр. 82/18), Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле" Охрид на 137-та седница одржана на ден 08.02.2019 година донесе

# СТАТУТ
# на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле" Охрид

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### *Положба на Универзитетот „Свети Апостол Павле “ во Охрид*

**Член 1**

Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид е највисока автономна јавна високообразовна, научна установа, што го обезбедува единството во вршењето и развојот на високото образование, науката и стручноста и непосредно преку јавните факултети и преку своите единици од различни студиски подрачја, пренесува сознанија од повеќе научни подрачја и дисциплини.

Академската заедница на Универзитетот ја сочинуваат лицата избрани во наставно - научни, научни, наставни, наставно - стручни и соработнички звања и студентите.

Во состав на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид влегуваат јавни факултети кои вршат високообразовна и научно - истражувачка дејност на сите степени на високото образование (во понатамошниот текст: единици на Универзитетот).

Во состав на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид може да се основаат и јавни научни институти и високи стурчни школи во согласност со закон.

На Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид може да му пристапат и други установи и организации кои остваруваат дејност функционално поврзана со високообразовната и научно-истражувачката на Универзитетот (во понатамошниот текст: придружни членки).

### *Предмет на уредување*

**Член 2**

Со Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид (во понатамошниот текст: Универзитетот) се уредуваат: правниот статус и обележјата на Универзитетот; остварувањето на автономијата на Универзитетот; дејноста на Универзитетот и единиците на Универзитетот; неговата структура и постапката за нејзино менување; внатрешната организација на Универзитетот и форми на соработка; правата и обврските на единиците на Универзитетот; органите и телата на Универзитетот и единиците на Универзитетот; условите под кои се врши самоевалуација на Универзитетот; прашањата за

избор во наставно - научни, наставно - стручни, научни и соработнички звања; вршењето на високообразовна дејност; организационите единици и стручната и административна служба на Универзитетот; прашањата за студентите и студентскиот правобранител; издавање на диплома и промоција за завршен трет циклус на студии; меѓународната соработка; научната и стручната работа; финансирањето и имотот на Универзитетот и посебните фондови, фондации и завештанија на Универзитетот; организирањето на издавачката дејност; јавност во работата, како и други прашања од значење за Универзитетот.

Единиците на Универзитетот, внатрешните односи и работењето го уредуваат со Статут, во согласност со закон и со овој Статут.

***Назив и седиште***

**Член 3**

Полниот назив на Универзитетот е: Република Македонија, Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид .

Скратениот назив на Универзитетот е: Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ во Охрид, а неговиот акроним е УИНТ.

Скратениот назив на англиски јазик е:University of information science and technology "St.Paul the Apostle" Ohrid .

Седиштето на Универзитетот е во Охрид, ул.,,Партизанска"бб, Дом на АРМ.6000 Охрид,Република Македонија.

За секојдневна употреба се користи скратениот назив.

***Правен статус на уиверзитетот***

**Член 4**

Основач на Универзитетот и единиците на Универзитетот е Собранието на Република Македонија.

Дејноста на Универзитетот и на единиците е од јавен интерес.

Универзитетот има својство на правно лице.

Универзитетот има сметка на која се водат средствата стекнати од Буџетот на Република Македонија и сметки на кои се водат средствата стекнати од други извори и посебни приходи.

Во правниот промет со трети лица,Универзитетот настапува во свое име и за своја сметка.

Единиците на Универзитетот се без својство на правно лице.

Согласност на актите на единиците на Универзитетот, дава Сенатот на Универзитетот.

***Печат, симболи и други обележја***

***Печат***

**Член 5**

Универзитетот има два печати.

Сув печат во тркалезна форма, во средината со грбот на Република Македонија и натпис во два реда.Во надворешниот ред: Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, а во внатрешниот ред: Република Македонија. Овој печат се

употребува за издавање на дипломи и сертификати.

Печат во тркалезна форма, во средината со грбот на Република Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, а во внатрешниот ред: Република Македонија. Овој печат се употребува за архивски работење на Универзитетот.

Печатот на единиците на Универзитетот е со тркалезна форма, во средината на печатот е грбот на Република Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид и називот на единицата, а во внатрешниот ред: Република Македонија.

Овој печат се употребува за архивското работење на единицата.

Во печатот на придружната членка е содржан текстот - Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид и називот на придружната членка.

Универзитетот, единиците и придружните членки на Универзитетот имаат печати со иста содржина како во ставовите 3, 4 и 5 од овој член преведени на англиски јазик.

***Штембил***

**Член 6**

Штембилот на Универзитетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Македонија Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид , број _______, _____/ _____година Охрид.

Штембилот се употребува за архивско работење на Универзитетот.

Штембилот на единиците на Универзитетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Македонија, Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, назив на единицата на Универзитетот, број_______, _____/ _____година Охрид .

Штембилот се употребува за архивското работење на единицата на Универзитетот.

Во штембилот на придружната членка е содржан текстот: Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид ” и називот на придружната членка.

Универзитетот, единиците и придружните членки имаат штембил со иста содржина како во ставовите 1, 3 и 5 од овој член преведен на англиски јазик.

***Канцелариско и архивско работење***

**Член 7**

Заштитата, чувањето и користењето на архивската граѓа се води во согласност со закон.

Основната евиденција на актите се води во деловодник на Универзитетот.

Единиците и внатрешните организациони единици на Универзитетот водат одделни деловодници.

Покрај деловодникот, заради полесно и побрзо ракување со актите, се водат и помошни книги за евиденција.

Актите кои се доставуваат на единиците и внатрешните организациони единици на Универзитетот, се примаат во нивните писарници.

Целокупното канцелариско и архивско работење на Универзитетот и единиците на Универзитетот, задолжително се евидентира и во дигитална форма.

### *Симболи*

**Член 8**

Симболи на Универзитетот се: грб, знаме и химна.

### *Грб*

**Член 9**

Грбот на Универзитетот е изработен на два јазици: англиски и македонски јазик.

Грбот на Универзитетот кој е на англиски јазик се состои од отворена книга над која се наоѓаат две кули од Самоиловите тврдини кои се наоѓаат во два концентрични кругови. Во првиот круг пишува :OHRID UNIVERSITY, а во долниот дел од истиот круг пишува:MACEDONIA. Во вториот концентричен круг во горниот ред пишува: UNIVERSITY OF INFORMATION SCIENCE & TECNOLOGY, а во долниот дел во рибон пишува: ST.PAUL THE APOSTLE.

Грбот на Универзитетот кој е на македонски јазик се состои од отворена книга на која се две кули од Самоиловите тврдини кои се наоѓаат во два концентрични кругови. Во првиот круг пишува :ОХРИДСКИ УНИВЕРЗИТЕТ, а во долниот дел од истиот круг пишува: МАКЕДОНИЈА. Во вториот концентричен круг во горниот ред пишува: УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ, а во долниот дел во рибон пишува: СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ.

### *Знаме*

**Член 10**

Знамето на Универзитетот сино на левата половина и бело на десната половина, со правоаголна форма и на него во средината е содржан грбот на Универзитетот.

Знамето на Универзитетот се изработува во две големини. Помалото знаме се користи за свечености, а поголемото знаме стои на јарбол пред зградата на Универзитетот.

### *Химна*

**Член 11**

Химната на Универзитетот е свечена песна, посветена на улогата и значењето на Универзитетот.

### *Употреба на грбот, знамето и химната*

**Член 12**

Со грбот, знамето и химната се претставуваат Универзитетот и единиците на Универзитетот.

Грбот на Универзитетот се употребува на знамето, плакетите, признанијата, меморандумите, изданијата на Универзитетот, како и на пригодни ковани пари, што се издаваат по повод јубилејни прослави на Универзитетот и друго.

**Член 13**

Знамето на Универзитетот се истакнува пред објектите на единиците и пред објектите на придружните членки на Универзитетот, по повод патронатот на Универзитетот, прослави, свечености и други активности, кои се од значење за Универзитетот, а може да се истакне и при одржување на меѓународни универзитетски средби, натпревари и други собири во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири, како и при спортски натпревари и други спортски активности на Универзитетот.

**Член 14**

Химната на Универзитетот се изведува на прослави, промоции и други свечени и спортски манифестации на Универзитетот, на единиците и на придружните членки на Универзитетот, при меѓународни универзитетски средби и други собири во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири.

Химната се изведува со свирење, со пеење или комбинирано.

***Универзитетски признанија***

**Член 15**

Со посебна одлука на Универзитетскиот сенат се востановува: плакета, повелба, благодарница, пофалба и други признанија и награди на Универзитетот, кои се доделуваат на заслужни поединци, правни лица или институции, кои со својата работа придонеле за развојот и афирмацијата на Универзитетот, како и за развој на научната мисла, а на студентите за постигнатиот успех во студирањето.

***Универзитетски инсигнии***

**Член 16**

Универзитетските инсигнии се состојат од меѓусебно поврзани гравури кои ја симболизираат културата на регионот во кој делува Универзитетот во Република Македонија.

Универзитетските инсигнии ги носат: ректорот и проректорите на Универзитетот, како и деканите на единиците на Универзитетот, на прослави, промоции и други свечености на Универзитетот и единиците на Универзитетот, или на други национални и меѓународни манифестации.

***Одора***

**Член 17**

На Универзитетот се установува одора за:ректорот, проректорите и деканите на единиците.

Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Универзитетот и на единиците на Универзитетот или на национални и меѓународни манифестации.

**Член 18**

Поблиски одредби за изгледот, употребата на симболите и другите обележја на Универзитетот, по предлог на ректорот, донесува Ректорската управа.

**Член 19**

Свои знаци и обележја имаат и единиците на Универзитетот утврдени со Статутот на единицата, изработени изработени на два јазика:англиски и македонски јазик.

Грб на Факултетот за Компјутерски Науки и Инженерство –отворена книга над која се наоѓа интегрално коло кои се наоѓаат во два концентрични круга. Во првиот круг во горниот дел пишува:COMPUTER SCIENCE & ENGINEERING, а во долниот дел на истиот круг пишува: CSE. Во вториот концентричен круг на горниот дел пишува: UNIVERSITY OF INFORMATON SCIENCE & TECHNOLOGY, а во долниот дел во истиот круг пишува: OHRID, MACEDONIA.

Грб на Факултетот за Компјутерски Науки и Инженерство –отворена книга над која се наоѓа интегрално коло кои се наоѓаат во два концентрични круга. Во првиот круг во горниот дел пишува:КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО, а во долниот дел на истиот круг пишува: КНИ. Во вториот концентричен круг на горниот дел пишува: УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ, а во долниот дел во рибон пишува: СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ.

Грб на Факултетот за Комуникациски Мрежи и Безбедност –отворена книга над која се наоѓаат топчиња поврзани во меѓусебна врска симбилизирајќи компјутерска мрежа и се наоѓаат во два концентрични круга. Во првиот круг во горниот дел пишува: COMMUNICATION NETWORKS $ SECURITY, а во долниот дел на истиот круг пишува: CNS. Во вториот концентричен круг на горниот дел пишува: UNIVERSITY OF INFORMATON SCIENCE & TECHNOLOGY, а во долниот дел во истиот круг пишува: OHRID, MACEDONIA.

Грб на Факултетот за Комуникациски Мрежи и Безбедност –отворена книга над која се наоѓаат топчиња поврзани во меѓусебна врска симбилизирајќи компјутерска мрежа и се наоѓаат во два концентрични круга. Во првиот круг во горниот дел пишува: КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ, а во долниот дел на истиот круг пишува: КМБ. Во вториот концентричен круг на горниот дел пишува: УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ, а во долниот дел во рибон пишува: СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ.

Грбот на Факултетот за Информатички Системи, Визуелизација, Дигитална, Мултимедијална и Анимациска Техника – отворена книга над која се наоѓа око во чија средина има триаголник симбилизирајќи копче PLAY над кое пишува: MULTIMEDIA & ANIMATION и се наоѓаат во два концентрични кругови. Во првиот круг во гоґниот дел пишува: INFORMATION SYSTEMS,VISUALIZATION, а во долниот дел од истиот круг пишува :ISVMA. Во вториот концентричен круг во горниот дел пишува: UNIVERSITY OF INFORMATION SIENCE AND TECHNOLOGY , а во долниот дел од истиот круг пишува: OHRID,MACEDONIA.

Грбот на Факултетот за Информатички Системи, Визуелизација, Дигитална, Мултимедијална и Анимациска Техника –отворена книга над која се наоѓа око во чија средина има триаголник симбилизирајќи копче PLAY над кое пишува: АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА и се наоѓаат во два концентрични кругови. Во првиот круг во горниот дел пишува: ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА, МУЛТИМЕДИЈАЛНА, а во долниот дел од истиот круг пишува: ИСВМА. Во вториот концентричен круг во горниот дел пишува: УНИВЕРЗИТЕТ ЗА

ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ, а во долниот дел во рибон пишува: СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ.

Грбот на Факултетот за Применети Информатички Технологии, Машинска интелегенција и Роботика –отворена книга над која се наоѓа рака од робот и се наоѓаат во два концентрични кругови. Во првиот круг во горниот дел пишува:APPLIED IT,MACHINE INTELLIGENCE & ROBOTICS, а во долниот дел од истиот круг пишува: AITMIR. Во вториот концентричен круг во горниот дел пишува: UNIVERSITY OF INFORMATION SIENCE AND TECHNOLOGY , а во делниот дел од истиот круг пишува: OHRID, MACEDONIA.

Грбот на Факултетот за Применети Информатички Технологии, Машинска интелегенција и Роботика –отворена книга над која се наоѓа рака од робот и се наоѓаат во два концентрични кругови. Во првиот круг во горниот дел пишува: ПРИМЕНЕТИ ИТ, МАШИНСКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА И РОБОТИКА, а во долниот дел од истиот круг пишува: ПИТМИР. Во вториот концентричен круг во горниот дел пишува: УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ, а во делниот дел во рибон пишува: СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ.

Грб на Факултетот за Информатички и Комуникациски Науки –отворена книга над која се наоѓаат график и математички функции кои се наоѓаат во два концентрични кругови. Во првиот круг во горниот дел пишува : INFORMATION & COMMUNICATION SCIENCE , а во долниот дел пишува: ICS. Во вториот концентричен круг во горниот дел пишува: UNIVERSITY OF INFORMATION SIENCE AND TECHNOLOGY, а во долниот дел од истиот круг пишува: OHRID,MACEDONIA.

Грб на Факултетот за Информатички и Комуникациски Науки –отворена книга над која се наоѓаат график и математички функции кои се наоѓаат во два концентрични кругови. Во првиот круг во горниот дел пишува :ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ, а во долниот дел пишува: ИКН. Во вториот концентричен круг во горниот дел пишува: УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ, а во долниот дел во рибон пишува: СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ.

Изгледот и другите обележја на единиците на Универзитетот се утврдува на предлог на единиците, а согласност дава Сенатот на Универзитетот.

***Патронат***

**Член 20**

Патронат на Универзитетот е 22 Октомври .

Патронатот на Универзитетот се одбележува секоја година на свечен начин.

На тој ден се организираат свечености и не се изведува настава на единиците на Универзитетот.

## II. АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

***Академска автономија***

**Член 21**

Универзитетот ја врши својата дејност врз начелото на академската автономија, која ја вклучува и одговорноста на членовите на академската заедница кон општествената заедница во којашто дејствуваат.

***Академска слобода***

**Член 22**

Академската слобода им припаѓа на сите членови на академската заедница и опфаќа:
- слобода на изразување, негување и поттикнување на критичка мисла и свест кај членовите на академската заедница;
- слобода во научноистражувачката работа, во уметничкото создавање, во примената и посредување на знаењето;
- самостојно уредување на внатрешната организација и работењето со статут, донесен во согласност со закон;
- слобода на изведување на наставата, спроведувањето на научните истражувања, уметничката дејност, односно творештво и применувачка дејност, вклучувајќи ја слободата на објавување и јавно претставување на научните резултати и уметничките достигања;
- слобода на студирањето, утврдувањето на правилата на студирање, облиците и видовите на наставно-образовните дејности и на проверката на знаењата на студентите;
- слобода на избор на студиските програми, во утврдувањето на содржината и на соодносот на задолжителните и на изборните наставни предмети, содржината на наставните предмети и во подготвувањето и избор на учебници и други учебни помагала;
- слобода на изборот на методот на интерпретирање на наставните содржини;
- утврдување услови и критериуми за студии од прв, втор и трет циклус, како и други видови на образование;
- подготвување, усвојување и остварување на научноистражувачки програми и уметнички проекти и применувачка работа;
- доделување стручни, академски и научни звања согласно со закон, како и доделување на почесни академски титули;
- определување посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања и
- избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања.

***Автономија на управувањето***

**Член 23**

Автономијата во управувањето со високообразовни установи се изразува во:
- планирањето, остварувањето и развојот на високообразовната дејност;
- воспоставувањето и уредувањето на внатрешната организација;
- донесувањето на статутот и другите општи акти на високообразовните установи;
- изборот, именувањето и отповикувањето на органите согласно со законот, статутот и другите општи акти;
- управувањето и користењето на имотот во согласност со намената за кој е добиен;
- одлучување за формите на соработка со други организации;
- здружувањето во соодветни организации и форуми во земјата и во странство;

- остварувањето на меѓународна соработка, склучувањето договори и учеството во меѓународни организации и асоцијации и
- одлучувањето за други прашања утврдени со закон, статут и другите општи акти.

***Финансиска автономија***

**Член 24**

Универзитетот ја врши својата дејност врз принципот на академска автономија, која ја опфаќа и финансиската автономија изразена во:

- самостојно управување и располагање со имотот (во согласност со намената за која е добиен), предметите, паричните средства и другите материјални права за вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност;
- донесување на финансиски планови;
- право на стекнување средства и самостојно одлучување за нивната намена;
- право за склучување независни договори со Владата и други клиенти за обука или унапредување на квалификации, како и право за изведување на научни, развојни и применети проекти;
- право за здружување со други високообразовни установи и други организации за изведување на активностите;
- право за градење, поседување и користење на добрата потребни за образовни и истражувачки цели или за обезбедување на општествени услуги за наставно - научните и научните работници и соработниците, како и за студентите на прв, втор и трет циклус на студии;
- право за формирање фондови, фондации и основање трговски друштва и на други организации од сопствени приходи, донации и од други извори, заради вршење на високообразовна, научно - истражувачка, издавачка и применувачка дејност;
- слободно воспоставување на контакти и соработка со бизнис секторот на локално, регионално, национално и меѓународно ниво;
- право за остварување на меѓународна соработка, за склучување на договори и за членство во меѓународни организации и
- самостојно одлучување за развој на нови дејности, кои не се финансираат од Буџетот на Република Македонија, а се во функција на развој на високообразовната и научно - истражувачката дејност.

***Отчетност и одговорност***

**Член 25**

Отчетноста и одговорноста на Универзитетот се изразува преку:

- поднесување на годишен извештај за работата во рамките на универзитетската заедница и пошироката јавност;
- поднесување на извештај за финансиското работење пред надлежните органи и
- создавање внатрешен систем за оценка на ефективноста и квалитетот на остварувањето на дејностите на Универзитетот и информирање на пошироката јавност.

***Неповредливост на универзитетскиот простор***

**Член 26**

Просторот на Универзитетот и на единиците во негов состав е неповредлив.

Просторот на Универзитетот го опфаќа просторот во кој се сместени и во кој се остварува дејноста на единиците, Ректоратот и другите придружни објекти наменети за живеење на студентите и културни активности, терени за спортски активности на студентите и вработените на Универзитетот, како и земјиштето чиј корисник е Универзитетот, односно неговите единици.

***Кадровска автономија***

**Член 27**

Високообразовните установи се автономни во одлучувањето за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман во согласност со закон.

***Заштита на автономијата***

**Член 28**

Автономијата на Универзитетот не може да се нарушува и со:

- неповикано учество во дејноста на Универзитетот и единиците на Универзитетот и
- извршување на високообразовна и друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница насочени кон дискриминација на човекот и граѓанинот, сврзана со полот, расата, бојата на кожата, националната и етничката припадност, социјалното потекло, политичкото и верско убедување и припадност, имотната и општествената положба.

**Член 29**

Полицијата и другите државни органи на безбедност не можат без согласност на ректорот, деканот, односно директорот или на лице овластено од нив, да влегуваат во овој простор, освен за спречување на извршување кривично дело што

непосредно претстои или на започнато кривично дело, за задржување на неговиот сторител, како и во случај на природни и други непогоди.

**Член 30**

Доколку просторот на Универзитетот се наруши спротивно на одредбите од овој Статут, ректорот свикува седница на Ректорската управа и ги известува надлежните државни органи.

Доколку просторот на Универзитетот се наруши спротивно на одредбите од овој Статут, ректорот во име на Универзитетот, веднаш по констатирањето на нарушувањето на просторот на Универзитетот, поведува соодветна законска постапка против лицата кои го нарушиле просторот на Универзитетот.

**Член 31**

Ректорот, во соработка со деканите, презема мерки за отстранување на причините што довеле до нарушување на автономијата на Универзитетот.

**Член 32**

На високообразовните установи се забранува верско организирање и дејствување, како и истакнување на верски обележја, освен на високообразовните установи на верските заедници основани со закон.

**Член 33**

Автономијата на Универзитетот уредена со закон и овој Статут, не смее да се применува и толкува на начин кој причинува повреда на човековите права и дискриминација.

***Мирно решавање на споровите***

**Член 34**

Евентуално настанатите спорови помеѓу членовите на академската заедница, како и споровите помеѓу единиците на Универзитетот се решаваат со академска толеранција, спогодбено, во заедничките органи, арбитражно и на друг начин на академско разбирање.

Доколку спорот не може да се разреши на начин утврден во претходниот став на овој член, ректорот формира Совет за посредување, кој учествува и помага во разрешувањето на настанатата состојба.

Советот за посредување е составен од 3 (три) членови од редот на наставно - научните работници кои не припаѓаат на единиците помеѓу кои настанал спорот, а доколку страна во спорот е студент, еден член во Советот е од редот на студентите.

Советот подготвува извештај. Извештајот на Советот се доставува до ректорот, кој може да одлучи по истиот или да го достави до Ректорската управа.

Ако ректорот, односно Ректорската управа, не го прифати извештајот, тогаш Ректорската управа формира арбитража.

Арбитражата е составена од 3 (три) члена од редот на наставно - научните работници кои не припаѓаат на единиците помеѓу кои настанал спорот, а доколку во спорот е студент, еден

член во арбитражата е од редот на студентите

Одлуката на арбитражата е задолжителна за страните помеѓу кои настанал спорот.

При решавањето на споровите не може да се попречува редовното извршување на дејноста на Универзитетот и на единиците на Универзитетот. Во спротивно, ректорот е должен да свика вонредна седница на Ректорската управа на Универзитетот, заради преземање соодветни мерки за спречување, односно за отстранување на последиците предизвикани од настанатата состојба.

Доколку спорот не може да се реши на некој од начините предвидени во овој член, се решава по судски пат.

## III. ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА И ГАРАНЦИИ ЗА ЕДНАКВОСТА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### Член 35

Универзитетот и единиците изработуваат и спроведуваат политики насочени кон заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста.

На Универзитетот и на единиците се забранува било кој облик на директна и индиректна дискриминација и вознемирување при:

- процесот на запишување на студии;
- образовниот процес;
- достапноста до услуги, бенефиции и објекти;
- вработувањето, кариерното напредување, изборот во звања и престанокот на вработувањето, согласно со закон;
- бенефициите поврзани со работата на универзитетот и шансите за развој;
- трансферите и обуките;
- студентското организирање;
- содржината на студиските програми;
- управувањето и учеството во органите и телата на Универзитетот и единиците на Универзитетот;
- финансирањето на високото образование и
- која било друга област од високото образование.

### Член 36

Универзитетот го обезбедува почитувањето на принципот на недискриминација на студентите и вработените, врз основите пропишани во законите и ратификуваните меѓународни договори.

Во случај на дискриминација, пријава може да се достави до факултетските и универзитетските органи, кои за таа намена формираат комисија, како и до студентскиот правобранител.

Универзитетот ќе им овозможи на студентите со инвалидитет да ги изразат своите способности во полн капацитет и ќе им обезбеди соодветна инфраструктурна, техничка и процедурална поддршка.

Универзитетот ќе обезбеди рационално прилагодување на индивидуалните потреби на студентот, зависно од видот и степенот на инвалидитет.

На Универзитетот се забрануваат содржини во учебниците и учебните помагала кои поттикнуваат дискриминација или создаваат вознемирување врз дискриминаторска основа.

### *Афирмативни мерки*
### Член 37

На Универзитетот и единиците на универзитетот се применуваат афирмативни мерки.

Афирмативните мерки можат да се однесуваат на вработувањето, запишувањето на студии, образовниот процес и која било друга област од високото образование.

Квотите, стипендиите и посебната поддршка можат да се третираат како афирмативни мерки, за што одлучува Универзитетскиот сенат.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА И ИМОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### *Финансирање на дејноста*

### *Приходи*
### Член 38

Универзитетот стекнува средства од:

1. Буџетот на Република Македонија.

2. Други извори:
   - кофинансирање на студиите;
   - образовни активности на прв, втор и трет циклус на студии;
   - вршење на образовна, научно - истражувачка, применувачка, односно апликативна дејност за домашни и за странски правни и физички лица;
   - различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењето и континуирано образование;
   - размена на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
   - вршење на научна и стручна дејност и продавање на производи на домашни и странски правни и физички лица;
   - дејности врз основа на јавни овластувања;
   - уметнички творби;
   - камати и дивиденди;
   - авторски и други интелектуални права;

- издавачка дејност;
- домашни и од странски правни и физички лица и
- други извори.

3. Посебни приходи:

- проекти;
- научно - истражувачки проекти кои се реализираат врз основа на спогодби што ги потпишала државата;
- закупнини и други приходи од имот;
- фондови и фондации, установи и трговски друштва основани од Универзитетот;
- легати, подароци, завештанија, прилози и
- други остварувања.

**Член 39**

Универзитетот донесува одлуки за начинот на распределба на средствата доделени од Буџетот на Република Македонија и на средствата од сопствени приходи.

***Годишен план за финансирање и завршна сметка***

**Член 40**

Годишен финансиски план за финансирање и План за јавни набавки на Универзитетот, донесува Сенатот, кои се доставуваат до Министерството за образование и наука и Министерството надлежно за финансии.

Универзитетот усвојува завршни сметки.

***Имот на Универзитетот***

**Член 41**

Недвижниот имот, другите средства и ствари што ги користи Универзитетот, стварите стекнати согласно со овој Статут како и средствата стекнати од легати, наменски прилози, подароци и завештанија, се имот во сопственост на Универзитетот.

Универзитетот самостојно управува и располага со имотот и ги користи предметите, паричните средства и другите материјални права за вршење на високообразовната, научно - истражувачката и применувачката, односно апликативната дејност под услови определени со Закон и со овој Статут.

***Регистар на недвижен имот***

**Член 42**

Универзитетот води регистар на недвижен имот.

***Наменско користење на завештанија, средства на***

***фондации или други наменски фондови***

**Член 43**

Недвижностите и другите средства дадени на Универзитетот, односно на единиците на Универзитетот, како завештанија, средства на фондации или други наменски фондови, Универзитетот, односно единиците на Универзитетот, ги користат само според намената што ја определил донаторот, во согласност со закон.

**Член 44**

Ректорот се грижи за управувањето со целокупниот имот на Универзитетот.

## V. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 45**

Работата на Универзитетот е јавна.

Седниците на органите на Универзитетот се јавни и достапни на средствата за јавно информирање.

По исклучок, кога на седниците на органите на управување се расправа за прашања што претставуваат класифицирана информација, односно се однесуваат особено на: јавната безбедност, одбраната, надворешните работи, безбедносни, разузнавачки и контраразузнавачки активности на органите на државната управа на Република Македонија, системи, уреди, проекти и планови од важност за јавната безбедност, одбраната, надворешните работи, научни истражувања и технолошки, економски и финансиски работи од значење за Република Македонија, јавноста може да биде изземена со одлука на органот на управувањето.

**Член 46**

За работата на Универзитетот, за одлуките на органите на управување на Универзитетот и воопшто за својата дејноста, Универзитетот ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање, преку активностите на Центарот за односи со јавноста, како и на друг соодветен начин.

Универзитетот има своја веб - страница на Интернет мрежата, преку која се обезбедува достапност на релевантните податоци и информации од дејноста и работењето на Универзитетот и единиците во негов состав.

Универзитетот има свој портпарол.

**Член 47**

На Универзитетот се издаваат јавни гласила, и тоа:

- „Универзитетски гласник“, каде што се објавуваат општите акти на Универзитетот, на единиците и на придружните членки на Универзитетот, како и други акти утврдени со овој Статут;

- „Универзитетски билтен“, каде што се објавуваат: рецензии, реферати и други акти на Универзитетот, на единиците и на придружните членки на Универзитетот утврдени со општите акти на Универзитетот и
- други јавни гласила и медиуми.

По потреба, Универзитетот може да издава и други јавни гласила, а одлука за тоа донесува Ректорската управа.

**Член 48**

Ректорот на Универзитетот, а во негово отсуство проректорот овластен од ректорот, генералниот секретар или друго лице овластено од ректорот (портпарол), даваат усни известувања преку средствата за јавно информирање, за прашања кои се однесуваат на Универзитетот.

За прашања што се однесуваат на единиците, известувања дава деканот

*Класифицирана информација*

Член 49

За класифицирана информација на Универзитетот се сметаат документи и податоци кои се заштитени од неовластен пристап или употреба.

Член 50

Ректорот или лице овластено од него може да им ги соопшти документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација на лица кои поседуваат безбедносен сертификат, како документ со кој се потврдува дека правното или физичкото лице има право на пристап и користење на класифицирани информации во Република Македонија.

## VI. ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ

**Член 51**

Универзитетот како главна дејност, образува студенти (1.42. Високо образование) и ја развива науката.

Универзитетот ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување преку:

1. остварување на единствен стратегиски развој,
2. донесување на стандарди, нормативи и правила за организација и за вршење на високообразовната и научно-истражувачката и уметничка дејност,
3. реализација на Европскиот кредитен трансфер систем (ЕКТС),
4. остварување на применувачка и високостручна дејност,
5. усогласено дејствување во финансискиот сектор, во инвестициите и во развојните планови,
6. профилирање на научните истражувања и уметничкото творештво и нивна финансиска поддршка,

7. определување на посебни услови за избор и за напредување во наставно-научни, наставно-стручни, наставнии соработнички звања,
8. соработка со универзитетите во земјата и во странство,
9. водење на политика за мобилност на студентите, на наставниците, на соработниците и на административниот кадар,
10. создавање на правила за рационално користење на човековите и на материјалните ресурси,
11. организирање на студентите и развој на нивните вон-наставни активности,
12. создавање на систем за обезбедување и контрола на квалитетот,
13. воспоставување на стандарди во наставата,
14.воспоставување на информационен систем,
15.воспоставување на библиотечен систем,
16. остварување на издавачка дејност,
17. издавање на дипломи,
18. организирање на научни и уметнички собири,
19. трансферирање на средства до единиците на универзитетот и до универзитетските организации за културни и за спортски активности,
20. издавање на обрасци и други документи за потребите на студентите,
21. организирање на стручна, односно административно – техничка служба,
22. водење и чување на универзитетска документација,
23. грижа за заштитата и унапредувањето на стандардот на студентите и вработените,
24. создавање на програма за размена на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица,
25. осигурување на имотот на универзитетот и неговите единици,
26. применувачка дејност и
27. вршење на други дејности и работи определени со закон и статутот на универзитетот.

**Член 52**

Универзитетот покрај основната дејност, ги врши и следниве дејности според Националната класификација на дејности - НКД РЕВ.2:

10.85. Производство на готови јадења и оброци
18.11. Печатење на весници
18.12. Друго печатење
18.13. Услужни дејности во врска со печатењето и објавувањето
18.14. Книговезни и сродни услуги
18.20. Репродукција на снимени медиуми
33.12. Поправка на машини
33.13. Поправка за електронска и оптичка опрема
33.14. Поправка на електрична опрема
33.19. Поправка на останата опрема
33.20. Инсталирање на индустриски машини и опрема
46.17. Посредување во трговијата со храна, пијалаци и тутун
46.18. Посредување специјализирано за трговија со останати

посебни производи или групи на производи
46.19. Посредување во трговијата со разновидни производи
47.41. Трговија на мало со компјутери, периферни единици и софтвер во специјализирани продавници
47.42. Трговија на мало со телекомуникациска опрема во специјализирани продавници
47.62. Трговија на мало со весници и канцелариски прибор во специјализирани продавници
47.91. Трговија на мало преку пошта и Интернет
49.31. Градски и приградски патнички копнен транспорт
55.10. Хотели и слични објекти за сместување
55.20. Одморалишта и останати објекти за пократок престој
55.30. Кампови, автокампови и простори за кампирање
55.90. Друг вид на сместување
56.10. Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна
56.21. Услуги на доставување на храна и пијалаци за посебни пригоди
56.29. Останати услуги за подготвување и служење на храна
56.30. Подготовка и послужување на пијалаци
58.11. Издавање на книги
58.12. Издавање на именици и списоци на адреси
58.13. Издавање на весници
58.14. Издавање на списанија и периодични публикации
59.11. Дејности на производства на филмови, видеофилмови и телевизиска програма
59.12. Дејности кои следат по производството на филмови и видео филмови и телевизиска програма
59.13. Дејности за дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма
59.14. Прикажување на филмови
59.20. Снимање на звучни записи и издавање на музички записи
60.10. Емитување на радиопрограма
60.20. Дејности на телевизиската програма и емитување
61.10. Дејности на жичени комуникации
61.20. Дејности на безжични комуникации
62.01. Компјутерско програмирање
62.02. Компјутерски консултантски дејности
62.03. Дејности на управување со компјутерска опрема
62.09. Останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите
63.11. Обработка на податоци, хостирање и слични дејности

63.12. Интернет портали
66.21. Процена на ризици и штети
68.10. Купување и продажба на сопствен недвижен имот
68.20. Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)
69.10/4 Други правни работи,
69.20. Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување
70.10. Управувачки дејности
70.21. Односи со јавноста и дејности на информирање
70.22. Дејности на советување во врска со работењето и останато управување
71.12. Инженерство и со него поврзано техничко советување
71.20. Техничко испитување и анализа
72.11. Истражување и експериментален развој во биотехнологијата
72.19. Други истражувања и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки
72.20. Истражувања и експериментален развој во општествените и хуманитарните науки
73.12. Огласување преку медиуми
73.20. Истражување на пазарот и испитување на јавното мислење
74.10. Специјализирани дизајнерски дејности
74.30. Преведувачки дејности и услуги на преведувачите
77.21. Изнајмување и давање под закуп на опрема за рекреација и спорт
79.12. Дејности на организаторите на патувања (туроператорите)
79.90. Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив
80.10. Дејност на приватна заштита
80.30. Истражни дејности
82.11. Комбинирани канцелариски и административни услужни дејности
82.19. Фотокопирање, подготовка на документи и останати специјализирани канцелариски помошни дејности
82.30. Организација на состаноци и деловни саеми
84.13. Управување и давање помош за поуспешно деловно работење
85.41. Образование по средното, кое не е високо
85.51. Спортско и рекреативно образование
85.52. Образование во културата
85.59. Друго образование, неспомнато на друго место
85.60. Помошни услуги во образованието
90.01. Изведувачка уметност
90.02. Помошни дејности во изведувачката уметност

90.03. Уметничко творештво
90.04. Дејности на објектите за културни манифестации
91.01. Дејности на библиотеките и архивите
91.03. Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители
93.11. Работа на спортските објекти
93.12. Дејности на спортските клубови
93.19. Останати спортски дејности
95.11. Поправка на компјутери и периферна (дополнителна компјутерска) опрема
95.12. Поправка на опрема за комуникации

**Факултет**
**Член 53**

Факултет е високообразовна установа која врши високообразовна, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во студиско и научно-истражувачко подрачје, според студиска програма на една или повеќе сродни и меѓусебно поврзани наставно-научни или стручни области од прв, втор и трет циклус на студии.

***Дејност на единиците на универзитетот***
**Член 54**

Единицата на универзитет во рамките на својата дејност:
- го планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основана во рамките на буџетските средства, самофинансирачките активности, донации и слично,
- врши високообразовна, научно-истражувачка, применувачка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини,
- остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со статутот на универзитетот и на единицата,
- организира научни собири, симпозиуми, семинари, советувања и други видови на собири,
- во рамките на единствениот библиотечно-информациски систем утврден од универзитетот, ја организира работата на библиотеката и организира библиотечно-информациска и документациона дејност,
- издава уверенија и други исправи за завршени студии и други видови на образование, според условите утврдени во статутот на универзитетот,
- предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените,
- остварува различни студии за надоградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование,
- разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица
- остварува издавачка дејност и
- врши и други работи утврдени со овој закони статутот на универзитетот.

Факултетот може да врши и високообразовна дејност за стручни студии.

Единиците на универзитетот имаат веб страница на која задолжително се објавуваат:

1. Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи,
2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно,
3. Актот за систематизација,
4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет,
5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата,
6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,
7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година,
8. Завршна сметка, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето,
9. Годишен извештај, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето,
10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето,
11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето,
12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и
13. Етичкиот кодекс.

## VII.СТРУКТУРА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### *Единици и придружни членки на Универзитетот*

**Член 55**

Во состав на Универзитетот, како единици се следниве факултети:

- Факултет за компјутерски науки и инженерство
- Факултет за комуникациски мрежи и безбедност
- Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика
- Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника.
- Факултет за информатички и комуникациски науки

### *Услови за стекнување статус на придружна членка*

**Член 56**

Како придружни членки можат да пристапат установи и организации чија основна дејност е функционално поврзана со високообразовната, научната и стручната дејност на Универзитетот, со поднесување на барање за пристапување на Универзитетот под услов

високообразовната или друга организација која сака да стане придружна членка на Универзитетот, да има обезбедено простор и соодветна опрема за остварување на својата високообразовна, научно – истражувачка или друга програма.

**Член 57**

Барањето за придружна членка содржи: образложение за причините, придонесот, како и за резултатите што се очекуваат со нивното учество во остварувањето, унапредувањето и помагањето на дејноста на Универзитетот и изјава потпишана од овластено лице дека го прифаќа Статутот и другите акти на Универзитетот.

Одлука за пристапување донесува Универзитетскиот сенат по предлог на Ректорската управа.

**Член 58**

Придружната членка има право:

- да го користи информатичкиот и библиотечниот систем на Универзитетот;
- да има свој претставник во Универзитетскиот сенат со право на одлучување за работите кои се однесуваат на дејноста на придружната членка;
- во согласност со посебна спогодба да ја користи опремата на Универзитетот за истражување, при остварувањето на заедничките истражувачки проекти со единица, односно единиците на Универзитетот и
- на Универзитетскиот сенат да му ја поднесе својата студиска програма за потврдување.

**Член 59**

Меѓусебните права и обврски на Универзитетот и придружните членки се уредуваат со посебен договор.

Придружната членка може да го користи името на Универзитетот согласно со договорот за придружно членство.

Дипломите, сертификатите и другите исправи издадени од придружната членка, го содржат името на Универзитетот, согласно со називот: придружна членка на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле " Охрид, а потоа целото име на придружната членка.

Придружното членство престанува со истапување или со одлука на Универзитетскиот сенат. За полноважност на одлуката е потребно таа да е донесена со 2/3 присуство од вкупниот број на членови на Универзитетскиот сенат.

***Престанување на статусот на придружна членка***

**Член 60**

Статусот на придружна членка не смее да се остварува спротивно на интересите на Универзитетот.

Доколку Ректорската управа утврди дека статусот се остварува спротивно на интересите на Универзитетот, утврдени со закон и со овој Статут, за тоа ѝ укажува на придружната членка и поведува постапка за престанување на статусот.

**Член 61**

Статусот на придружна члена на Универзитетот престанува и со престанување на својството на правно лице на установата, односно организацијата.

## VIII. СТРУЧНА И АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА И ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

***Стручна и административна служба и генерален секретар***

**Член 62**

За вршење на стручните и административните работи, Универзитетот формира стручна и административна служба (во натамошниот текст: Служба на Универзитетот).

Како стручни и административни работи се сметаат: планско - аналитичките работи, персоналните работи, работите на сметководството, евиденцијата и статистиката, работите на подготвувањето и обработувањето на материјалите и актите од нормативно - правна природа, работи од областа на јавни набавки, работите на компјутерската мрежа, на информатичкиот и на библиотечниот систем на Универзитетот, издавачката дејност, административните работи (примање и испраќање на пошта, деловоден протокол, архивски и слични работи), општите работи, одржување и чување на објектите и просториите, како и други работи што според својата природа спаѓаат во овие видови работи.

Службата на Универзитетот од став 1 на овој член се организира по кабинети, сектори, оддели и центри, во согласност со функционалната поврзаност на дејноста на единиците на Универзитетот утврдени со овој Статут.

**Член 63**

Организацијата и начинот на кој се вршат стручните и административните работи, се уредува со Правилник што го донесува Сенатот на Универзитетот.

***Генерален секретар***

**Член 64**

Со работата на Службата на Универзитетот раководи генералниот секретар на Универзитетот.

Генералниот секретар за својата работа е одговорен пред ректорот и Ректорската

управа на Универзитетот.

Со службата на единицата раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот на единицата и пред генералниот секретар.

**Член 65**

Генералниот секретар на Универзитетот има права и должности утврдени со закон, овој Статут и со други акти на Универзитетот

**Член 66**

Генералниот секретар на Универзитетот:

- се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на Ректорската управа, Сенатот на Универзитетот, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;
- по овластување на ректорот, го застапува Универзитетот во правните работи;
- се грижи за исполнување и извршување на обврските на Универзитетот во соработката на Универзитетот со соодветните државни и општински органи и тела, надлежни за работите на образованието и науката;
- се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Службата на Универзитетот;
- ја координира работата со секретарите на единиците за прашањата што се однесуваат на Универзитетот како целина и за работите од делокругот на Службата на Универзитетот;
- го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и ги известува за тоа;
- врши координирање на работата на Одделението за општи и правни работи и Одделението за човечки ресурси.
- одлучува за правата, должностите и одговорностите на вработените во Службата на Универзитетот.

Работните документи, покрај ректорот, може да ги потпишува и генералниот секретар.

**Член 67**

Секретарот на единицата на Универзитетот се избира и разрешува, од страна на наставно - научниот совет на единицата по предлог на деканот на единицата.

Секретарот на единицата врши нормативно – правни, правно - стручни и административни работи и се грижи за спроведување на актите на органите и телата на единицата на универзитетот.

***Внатрешна организациони единици на универзитетот***

**Член 68**

Универзитетот, покрај единиците во негов состав, може да основа и други внатрешно - организациони единици утврдени со закон.

Основање на други внатрешно - организациони единици може да се врши доколку се обезбедени просторни и кадровски услови, финансиски средства, програма за работа и други услови утврдени со закон.

Одлука за нивно основање донесува Универзитетскиот сенат, по предлог на Ректорската управа.

**Член 69**

Универзитетот, под услови утврдени со закон и со овој Статут, за вршење на својата дејност, може да организира:универзитетски културен и спортски центар, центри за истражување и континуирано образование, како доживотно учење и други форми од дејноста на единиците.

Одлука за нивно основање донесува Универзитетскиот сенат, по предлог на Ректорската управа.

За донесување на одлуката, потребно е да се обезбедат следнава документација и услови:

- елаборат за основање,
- средства за работа,
- план и програма за работа,
- објект, опрема и простор,
- потребен број работници и
- други услови.

**Член 70**

На универзитетот се формирани следните внатрешни организациони единици :

-Единствен универзитетски информативен систем

-Библиотечен систем

-Универзитетски спортски центар

-Центар за односи со јавност

-Центар за кариера и алумни клуб

-Центар за доживотно учење

-Центар за меѓууниверзитетска соработка.

-Центар за трансфер на технологија

***Единствен универзитетски информативен систем***

**Член 71**

На Универзитетот се организира и формира и се одржува единствен современ универзитетски информативен систем, кој обезбедува достапност за сите релевантни податоци од областа на високото образование и научно истражувачката дејност, и тоа за

дејноста на Универзитетот и на единиците во неговиот состав, студиските и предметните програми, наставно-научните области, називите и степените на стручна подоготовка, условите и режимот на студирање, дипломираните студенти, магистрите и докторите на науки на Универзитетот, наставно-научните и научните кадри на Универзитетот, библиотечната граѓа и сл.

Информативниот систем опфаќа:

- прибирање, обработка и пренесување на информациите
- обезбедување достапност на информациите до сите потенцијални корисници
- поврзување и размена на информации со меѓународната заедница
- размена на информации во врска со високото образование меѓу заинтересирани субјекти во државата.
- размена на информации во врска со научните достигнувања во земјата и странство.

***Библиотечен систем***

**Член 72**

Со цел да се обезбедат претпоставки за остварување на дејноста целите и задачите на Универзитетот и единиците, на Универзитетот се формира единствен библиотечен систем каде се прибира, се обработува и се чува библиотечен материјал (монографии,периодични публикации и сл.)

Универзиетскиот библиотечен ситем го сочинуваат библиотеката на Универзитетот и библиотеките на единиците.

Универзитетот донесува единствени основи за обезбедување на единствен библиотечен систем на Универзитетот, за орагнизација и распоред на библиотечната граѓа и друго.

Библиотеките на единиците се поврзуваат во библиотекарски информациски систем на Универзитетот.

***Универзитетски спортски центар***

**Член 73**

Со цел развивање, унапредување , омасовување и постигнување врвни резултати во спортски активности на вработените и студентите како и за презентирање на постигнатите резултати во разни спортски дисциплини се формира Универзитетски спортски центар.

Дејноста во рамките на Универзитетскиот спортски центар можат да се остваруваат во посебни форми на организирање (клубови, лиги и сл.)

***Центар за односи со јавноста***

**Член 74**

Со цел за обезбедување на јавно информирање, транспарентност, слободно искажување на мислења и ставови на студентите и вработените за наставно-образовниот процес и за другите активности на Универзитетот се формира Центар за односи со јавноста.

***Центар за кариера и алумни клуб***

**Член 75**

Со цел развивање на знаење и способности директно поврзани со кариерните цели на студентот и нудење висококвалитетни услуги поврзани со професионалното ориентирање и развој на студентите, на Универзитетот се формира Центар за кариера и алумни клуб, кој обезбедува стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења кои ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообразување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите во функција на создавање на ефективно партнерство со работодавачите преку помагање во процесите на избор на студенти на позиции за пракса и работни места.

Организацијата и работата на Центар за кариера и алумни клуб се уредува со Правилник кој го донесува Универзитетскиот сенат.

***Центар за доживотно учење***
**Член 76**

Со цел подготвување, реализирање, координирање и активности поврзани со учењето во текот на целиот живот и заради унапредување на знаењето, вештините и способностите, како и подобрување на компетенциите, стекнување на нови компетенции, квалификации и можности за професионален развој, се формира Центар за доживотно учење (континуирано образование) Lifelong Learning Programme.

***Центар за меѓууниверзитетска соработка***

**Член 77**

Со цел за развивање на соработка помеѓу Универзитетот и универзитетите во Република Македонија и странство се формира Центар за меѓууниверзитетска соработка.

Центарот за меѓууниверзитетска соработка: учествува во подготовката, потпишувањето и реализирањето на договорите за соработка; подготвува и реализира програми за размена со други универзитети на наставници, соработници, вработени и студенти; врши постојано информирање на единиците на Универзитетот за можностите на меѓународна, научна и техничка соработка; подготвува обрасци и формулари за успешно аплицирање на институционални меѓународни проекти; се грижи за организацијата и престојот на вработените при патување во странство, како и на престојот на странците на Универзитетот.

***Центар за трансфер на технологија***

**Член 78**

Заради континуирано унапредување на науката и истражувањата, заемна поврзаност на науката и образованието, унапредувањето на домашната и на меѓународната соработка во трансферот на знаења, обука и апликација и унапредување на користењето на резултатите од истражувањата, поврзување на идеи, технологии и креативната сила на Универзитетот со стопанството, како и комерцијални истражувања, Универзитетот може да основа центри како внатрешни организациони единици, установи или трговски друштва согласно со закон и со овој Статут (Центар за трансфер на технологија, истражувачки центри и сл.).

***Заеднички одреби за внатрешните организациони единици***

**Член 79**

Финансиските прашања за работата на внатрешните организацони единици се регулираат со акт на Универзитетскиот Сенат.

Организирањето на дејноста, начинот и организацијата на работа, простоните услови, управувањето, раководењето, начинот на извршување на стручните и административните и техничките работи и други прашања за остварување на нивната дејност ,се регулираат со овој Статут, Статутите на единиците и други акти на Универзитетот.

**Член 80**

За одредена научно - истражувачка работа или за извршување на одредени активности од посебно значење, Универзитетот може да формира институт.

Институтот од став 1 на овој член се формира со одлука на Универзитетскиот сенат.

Институтот на Универзитетот има раководител.

Раководителот на институтот го именува Ректорот на Универзитетот.

***Универзитетски центри***

**Член 81**

За реализација на високообразовната, научно - истражувачката и друга креативна дејност која им е заедничка на повеќе единици, на Универзитетот може да се формираат центри за определена студиска област или наставен центар.

**Член 82**

За реализација и проширување на високообразовните активности на единиците на Универзитетот во други градови, односно надвор од седиштето на Универзитетот, можат да се формираат дисперзирани студии.

***Научен институт***

**Член 83**

Научен институт може да врши високообразовна дејност за студии од втор и трет циклус во рамките на научната област за која е основан, ако е акредитиран за вршење на овој вид студии и има решение за почеток со работа, според следниве услови:

- да има програма во која се определени подрачјата на научните истражувања;
- да има избрано и вработено согласно со закон, најмалку половина од вкупниот број наставници и соработници одделно за секоја студиска програма за прва и за втора студиска година во согласност со стандардите за оптоварување на наставните обврски утврдени со уредбата за нормативи и стандарди;
- научно - истражувачката дејност да е негова претежна дејност и
- да се обезбедени средства, опрема и простор за работа.

***Основање на друга организација***

**Член 84**

Универзитетот, под услови утврдени со закон, може да основа трговско друштво или установа (во натамошниот текст: друга организација).

За основање на друга организација, потребно е да се обезбедат следнава документација и услови:

- елаборат за основање;
- средства за работа;
- план и програма за работа;
- објект, опрема и простор;
- потребен број работници и
- други услови.

Универзитетот и единиците на Универзитетот, своите активности со други субјекти, можат да ги реализираат преку основаните трговски друштва или установи.

Остварената добивка на основа на активностите од овој член е приход на Универзитетот, односно единицата на Универзитетот која учествувала во нејзиното создавање.

Финансирањето на трговските друштва или установи се врши единствено од самофинансирачките активности (сопствени приходи) на Универзитетот, од кои се покриваат и евентуалните загуби.

Одлука за основање на друга организација донесува Универзитетскиот сенат, по предлог на Ректорската управа.

Иницијатива за основање на друга организација може да поднесе и единица на Универзитетот.

**Член 85**

Со центрите, научните институти и другите организации во рамки на Универзитетот, раководи директор.

Директорот:

- го застапува и го претставува центарот, научниот институт или другата организација;
- ја предлага програмата за работа;
- донесува акти за организација и работа и општи акти;
- организира и обезбедува законито и ефикасно извршување на работите и е одговорен за законитоста во работата;
- ја организира и координира работата на вработените иодлучува за остварување на нивните права и обврски од работен однос;
- ги свикува и ги води состаноците;
- ги извршува одлуките на органите на управување на Универзитетот кои се однесуваат на нивната работа;
- ги известува органите на Универзитетот за својата работа и
- врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Универзитетот.

***Внатрешна организација на единиците***

**Член 86**

Единиците на Универзитетот, за вршење на својата дејност, можат да организираат:

- катедри,
- оддели,
- институти,
- центри,
- лаборатории,
- библиотеки и
- други внатрешно - организациони единици.

***Катедри***

**Член 87**

Катедрите се формираат за наставни предмети од иста или од сродна наставно - научна област, со цел усогласување и развивање на наставно - образовната, научно - истражувачката, применувачката, односно апликативната дејност.

Катедрите се основни внатрешно - организациони единици на единиците на Универзитетот кои се основаат, припојуваат и делат во согласност со потребите на наставно - образовната и научно - истражувачката работа.

Катедрата ја сочинуваат наставниците, научните работници и соработниците од иста или сродна научна област на една единица на Универзитетот.

Одлука за основање и укинување на катедра донесува наставно – научниот совет на единицата.

Катедрите во рамки на своите надлежности особено:

- соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачка работа;
- остваруваат наставно - образовна и научно - истражувачка дејност;
- со научно - истражувачката дејност, посебно со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини врз кои се темелат студиските програми и научни дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области;
- ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при изведувањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната и научно - истражувачката работа;
- се грижат за пренесување на научно - истражувачките достигнувања и новите знаења во наставно - образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми на трите циклуси на студии;
- развиваат современи педагошки методи;
- се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците и соработниците;
- предлагаат теми за дипломски и магистерски работи;
- предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература и
- вршат и други работи утврдени со Статутот на единицата.

**Член 88**

Со работата на катедрата раководи раководител на катедрата, кој се избира со тајно гласање од редот на редовно вработените наставници на катедрата со мандат од 4 (четири) години.

Одлуката за избор се смета за донесена, ако за неа гласало мнозинство од редовно вработените наставници на катедрата.

**Член 89**

Раководителот:

- ја организира и ја води работата на катедрата;
- ги свикува и ги води состаноците на катедрата;
- се грижи за редовно изведување на наставно - образовната и научно - истражувачката работа од областа на катедрата;
- ги извршува одлуките на органите на единицата кои се однесуваат на работата на катедрата;
- ги известува органите на единицата за работата на катедрата и
- врши и други работи што ќе му ги доверат органите на единицата.

**Член 90**

Во работата на катедрата можат да учествуваат наставници избрани во насловни звања, визитинг - професори, соработници, други лица и студенти без право на одлучување.

***Оддели***

**Член 91**

Одделите се формираат заради неопходно поврзување на научните области, насочување и усогласување на наставно - образовната и со неа поврзаната научно - истражувачка дејност на катедрите, како и заради развивање на научните дисциплини и струки од тие области.

**Член 92**

Две или повеќе катедри можат да се поврзат во оддел.

**Член 93**

Со одделот раководи раководител на одделот кој се избира од редот на редовно вработените наставници на катедрите со мандат од 4(четири) години со тајно гласање.

Одлуката за избор се смета за донесена, ако за неа гласало мнозинството од редовно вработените наставници на катедрите.

***Институти***

**Член 94**

Институтите се формираат за определено научно - истражувачко поле за изведување

фундаментални, развојни и апликативни проекти и за изведување наставно - образовна дејност поврзана во соодветното научно - истражувачко поле.

**Член 95**

Институт може да се формираат  катедри кои се тематски и функционално поврзани со институтот.

Одлука за основање и укинување на институт донесува наставно – научниот совет, по предлог на катедрите.

**Член 96**

Институтите:

- организираат и остваруваат наставно - образовна дејност;
- организираат и остваруваат научно - истражувачка дејност;
- организираат и остваруваат применувачка, односно апликативна дејност;
- изведуваат стручни, советувачки, применувачки и други услуги;
- учествуваат во создавање на научен подмладок;
- се грижат за развојот на научните дисциплини и струки;
- го поттикнуваат вклучувањето на студентите во научно - истражувачката работа;
- ги проучуваат можностите и формите за пренесување на научно - истражувачките резултати во практиката;
- учествуваат при изработката на програмите за научно - истражувачка и наставно - образовна работа на единицата на Универзитетот и
- вршат и други работи утврдени со статутот на единицата.

**Член 97**

Институтите се основаат, припојуваат и делат во согласност со потребите на наставно - образовната и научно - истражувачката работа.

**Член 98**

Институтот има раководител, кој се избира од редот на редовно вработените наставници на катедрите со мандат од 4 (четири) години со тајно гласање.

Одлуката за избор се смета за донесена, ако за неа гласало мнозинството од редовно вработените наставници на катедрите.

***Центри***

**Член 99**

Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научно - истражувачката и наставно - образовната работа, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата, како и за изведување на информатички и информациско - документациски активности.

Центрите се формираат во согласност со потребите на единиците на Универзитетот.

Центрите можат да вршат применувачка, односно апликативна дејност.

**Член 100**

Одредбите за раководителот на катедра од овој Статут, соодветно се применуваат и за раководител на центар.

***Лаборатории***

**Член 101**

Лабораториите се формираат за практични изведувања на наставно - образовната, научно - истражувачката, применувачката, односно апликативната дејност.

**Член 102**

Со работата на катедрите, одделите, институтите, центрите, лабораториите и библиотеките, раководи раководител.

**Член 103**

Раководителот:

- ја организира и ја води работата;
- ги свикува и ги води состаноците;
- се грижи за редовно изведување на наставно-образовната и научноистражувачката работа од областа;
- ги извршува одлуките на органите на единицата кои се однесуваат на нивната работа;
- ги известува органите на единицата за работата и
- врши и други работи што ќе му ги доверат органите на единицата.

***Правна важност на внатрешната организација на единиците***

**Член 104**

Внатрешната организација на единиците на Универзитетот и другите прашања поврзани со неа, кои не се уредени со овој Статут, се утврдуваат со статутите на единиците, за кои согласност дава Универзитетскиот сенат.

Начинот и постапката на организирање на внатрешни организациони единици се утврдуваат со статутите на единиците, за кои согласност дава Универзитетскиот сенат.

## IX. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

***Органи и тела на Универзитетот***

**Член 105**

Органи на Универзитетот се: Универзитетски сенат, Ректор и Ректорска управа.

На Универзитетот се формира Универзитетски совет како тело на Универзитетот.

На Универзитетот се формира Универзитетско студентско собрание како тело на Универзитетот.

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот, се формира студентски правобранител како независно тело.

### *Универзитетски сенат*

### *Положба и состав*

### Член 106

Универзитетскиот сенат (во натамошниот текст: Сенатот) е орган на управување и стручен орган на Универзитетот.

### Член 107

Сенатот го сочинуваат:

- по 2 (два) претставници од единиците на Универзитетот од редот на наставно - научните работници;
- по 1 (еден) претставник избран од придружните членки, само доколку има придружни членки на Универзитетот;
- 10% од бројот на членовите на Сенатот се претставници од студентите избрани од Универзитетското студентско собрание.

За член на Сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан на единица на Универзитетот.

Ректорот и проректорите на Универзитетот се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседатели на Сенатот.

Придружните членки на Универзитетот избираат по еден член на Сенатот. Членовите на Сенатот избрани од придружните членки на Универзитетот учествуваат во работата и одлучувањето на Сенатот за сите прашања од нивната надлежност.

### *Постапка за избор и верификација на мандатот на членовите на Сенатот*

### Член 108

Членовите на сенатот од единиците на универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет за време од три години, со право на уште еден избор.

Универзитетското студентско собрание ги избира претставниците на студентите во сенатот со тајно гласање, за време од една година без право на реизбор.

За член на сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор на единица на универзитетот.

**Член 109**

Во текот на мандатот на член на Сенатот, може да се изврши замена на член на Сенатот на ист начин и постапка како и при изборот на членовите на Сенатот.

Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на претходниот член кој го заменил.

Член на Сенатот може да биде отповикан во следниве случаи:

- доколку повеќе од 3 (три) пати неоправдано отсуствува од седницата на Сенатот во текот на 1 (една) академска година;
- го нарушува угледот на Универзитетот или единицата.

Иницијатива за отповикување на член на Сенатот може да даде единица на Универзитетот, Сенатот, ректорот, придружната членка или Студентското собрание, а самото отповикување го вршат органите кои го избрале, по претходно мислење на Сенатот.

**Член 110**

Верификацијата на мандатот на членовите на Сенатот ја врши верификациона комисија составена од 3 (три) члена. Членовите на верификационата комисија се избираат по предлог на членовите на новоизбраниот Сенат.

Верификационата комисија констатира дали членовите ги исполнуваат условите утврдени со овој Статут и поднесува извештај на конститутивната седница на Сенатот.

Доколку верификационата комисија констатира дека не се исполнети условите, за тоа ги известува единиците на Универзитетот, Студентското собрание или придружната членка од каде доаѓа членот чиј мандат не е верифициран.

Во работата и одлучувањето на Сенатот не можат да учествуваат лица чиј мандат не е верифициран.

Конститутивната седница на Сенатот се одржува 15 дена по завршување на постапката за избор на членови на Сенатот.

**Член 111**

Постапката за избор на членови на Сенатот започнува најмалку 60 дена пред истекот на мандатот на постојниот Сенат.

Постапката ја покренува Претседателот на Сенатот, кој ја свикува и конститутивната седница на новоизбраниот Сенат.

Со конститутивната седница, до изборот на претседател на Сенатот, претседава најстариот член на новоизбраниот Сенат.

***Престанок на мандат на член на Сенатот***

**Член 112**

На член на Сенатот му престанува мандатот и пред истекот на времето за кое е избран:

- ако го отповика единицата, односно органот што го избрал, на начин и постапка како и за неговиот избор;

- ако му престане работниот однос;
- ако му мирува работниот однос;
- на негово барање;
- по правосилна судска одлука со која е осуден на казна затвор во траење повеќе од 6 (шест) месеци;
- по престанок на статусот на студент;
- заради избор на функција која не дозволува вршење на функцијата член на Сенатот и
- во други случаи утврдени со закон, овој Статут и со актите на Универзитетот.

***Надлежност на Сенатот***

**Член 113**

Сенатот, покрај надлежностите утврдени со Законот за високото образование, е надлежен да:

- избира членови во составот на Интеруниверзитетската конференција, со тајно гласање;
- одлучува по жалби кога тоа е утврдено со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот;
- формира комисии за одлучување по жалба кога тоа е утврдено со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот;
- донесува одлуки за стекнување и престанок на статус придружна членка на Универзитетот;
- дава предлог до Владата на Република Македонија за отуѓување на недвижниот имот на Универзитетот;
- зазема ставови и донесува заклучоци за прашања од заеднички интерес на единиците што се однесуваат на високообразовната, научноистражувачката и уметничката дејност;
- врши и други работи утврдени со закон, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот.

**Член 114**

Членовите на Сенатот од придружните членки, кога не одлучуваат за прашањата утврдени со овој Статут, не се сметаат во кворум.

***Начин на работа***

**Член 115**

Работите од својата надлежност, Сенатот ги врши на јавни седници во согласност со закон и со овој Статут.

За уредување на работите од својата надлежност, Сенатот донесува **општи акти** одлуки, правилници, упатства и заклучоци.

Сенатот може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и други свечености.

**Член 116**

Седниците на Сенатот ги свикува и со нив раководи Претседателот на Сенатот.

Во случај на отсуство или спреченост на Претседателот на Сенатот, седниците ги свикува и со нив раководи лице што тој ќе го овласти.

Седница на Сенатот се свикува најмалку еднаш месечно, на барање на најмалку една петтина од членовите на Сенатот или на барање на Ректорот на Универзитетот.

Во случај на непостапување на Претседателот на Сенатот во согласност со одредбата од став (3) на овој член, седницата на Сенатот ја свикува Ректорот на Универзитетот.

Во случај кога седницата на сенатот е свикана од страна на ректорот на Универзитетот, со неа претседава најстариот член на сенатот.

**Член 117**

Претседателот на Сенатот, 7 (седум) дена пред одржувањето на седницата на Сенатот, на сите членови и учесници им доставува покана со предлог на дневниот ред и материјали за точките од седницата.

Во случај на итност, седницата може да се свика и пред истекот на рокот од став (1) на овој член. Седницата ќе се одржи доколку Сенатот ги прифати причините за итното свикување на седницата.

Сенатот може да одржува и вонредни седници согласно со Деловникот за работа на Сенатот.

**Член 118**

Предлогот на дневниот ред и датумот на одржувањето на седницата на Сенатот, ги утврдува Претседателот на Сенатот.

**Член 119**

Членовите на сенатот имаат право и должност да гласаат.

Членовите на сенатот се должни активно да ја вршат својата функција и да се придржуваат кон пропишаниот ред на седницата.

**Член 120**

Сенатот одлучува на начин утврден со Законот за високото образование.

**Член 121**

Доколку седницата на Сенатот не се одржи поради неприсуство на доволен број членови на Сенатот, утврден со законот, Претседателот на Сенатот, во рок од најмалку 7 (седум) дена, доставува нова покана со предлог на дневен ред за одржување на седницата.

**Член 122**

Одлуките и другите акти донесени на седница на Сенатот ги потпишува Претседателот на

Сенатот, а во негово отсуство лице што тој ќе го овласти.

**Член 123**

Свикувањето и работата на Сенатот поблиску се уредува со Деловник на сенатот во согласност со овој закон и со статутот на универзитетот.

***Претседател на Сенатот***

**Член 124**

Претседателот на Сенатот се избира од редот на сенаторите со тајно гласање за период од една година, со право на уште еден избор.

Право да предложи претседател на Сенатот има секој член на Сенатот.

Претседател на Сенатот се избира на првата конститутивна седница на Сенатот на предлог на членовите на Сенатот.

За избор на Претседател, Сенатот може да одлучува доколку на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Ако за избор на претседател се предложат повеќе кандидати и ако при гласањето во првиот круг ниту еден кандидат не добие мнозинство гласови од присутните членови, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.

Претседателот на Сенатот е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето на Сенатот.

Вршењето на функцијата Претседател на Сенат е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

До изборот на претседател на Сенатот, работите од надлежност на Сенатот ги врши највозрасниот член на Сенатот, односно членот кој доаѓа по највозрасниот член.

**Член 125**

Претседателот на Сенатот ги свикува седниците на Сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот.

Право да предлага точки за седница на Сенатот има ректорот, Ректорската управа и секој член на Сенатот.

***Р е к т о р***

***Положба и избор***

**Член 126**

Ректорот е раководен орган на Универзитетот.

Надлежностите на Ректорот се утврдени со закон и со овој Статут.

**Член 127**

Постапка за избор на ректор покренува Универзитетскиот сенат шест месеци пред истекот на мандатот на претходниот ректор.

Тајното гласање на единиците се спроведува во втората недела од јуни на ист ден во период од 12:00 до 14:00 часот.

Постапката за избор на ректор треба да заврши два месеци пред истекот на мандатот на претходниот ректор.

Доколку изборот на ректор не заврши во рокот утврден во претходниот став, изборот на ректор се врши најдоцна пред истекот на мандатот на претходниот ректор.

**Член 128**

Ректорот се избира од редот на редовните професори со објавување на јавен оглас за избор на ректор од страна на Универзитетот и ја утврдува содржината на огласот.

Огласот содржи:

- општи услови;
- посебни услови;
- времетраење на огласот;
- други елементиод значење за постапката.

Кандидатите за ректор поднесуваат пријава со:

- програма за работа;
- биографски и библиографски податоци.

**Член 129**

Вршењето на должноста ректор е неспоиво со вршењето на друга **јавна** функција или функција во политичка партија.

**Член 130**

Постапката за избор на ректор ја спроведува Универзитетска изборна комисија составена од 7 (седум) сенатори.

Комисијата од претходниот став на овој член, ја избира Универзитетскиот сенат со јавно гласање, со мнозинство гласови од присутните. Членовите на комисијата ги предлагаат членовите на Универзитетскиот сенат.

Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на работата на универзитетската изборна комисија.

Доколку во првиот круг не се избере Универзитетската изборна комисија, гласањето се повторува, така што во секој нареден круг отпаѓа лицето што добило најмал број на гласови.

Ако во случајот од претходниот став предложен член, односно членови не го добие потребното мнозинство гласови, постапката се повторува со предлагање на друго, односно други лица за Универзитетската изборна комисија и постапката се спроведува согласно одредбите од овој член.

Наставно – научниот совет на единицата избира 5 (пет) члена комисија која го спроведува гласањето на единицата на универзитетот.

Комисијата од претходниот став на овој член, ја предлага и избира Наставно – научниот совет на единицата со јавно гласање, со мнозинство гласови од присутните, освен ако наставно - научните, односно научните совети не одлучат да се избира со тајно гласање.

Членовите на комисијата се избираат од редот на членовите на Наставно – научниот совет на единицата.

Доколку во првиот круг не се избере изборна комисија, гласањето се повторува, така што во секој нареден круг отпаѓа лицето што добило најмал број на гласови.

Ако во случајот од претходниот став предложен член, односно членови не го добие потребното мнозинство гласови, постапката се повторува со предлагање на друго, односно други лица за изборна комисија и постапката се спроведува согласно одредбите од овој член.

Универзитетската изборна комисија изготвува гласачки ливчиња за избор на ректор и ги доставува до изборната комисија на единицата на Универзитетот.

Изборната комисија на единицата раководи со гласањето на ниво на единица и ги утврдува резултатите од истото.

По утврдување на резултатите од гласањето, Комисијата на единицата на Универзитетот, резултатите од гласањето ги испраќа до Универзитетската изборна комисија.

Универзитетската изборна комисија ги сумира резултатите од гласањето на сите единици на Универзитетот и го утврдува избраниот кандидат за ректор.

### *Оцена на уредноста на пријавата и исполнетоста на условите за избор*

### Член 131

Универзитетската изборна комисија со решение ги отфрла пријавите на кандидатите кои не ја доставиле вкупната документација која се бара со огласот.

Универзитетската изборна комисија со решение ги одбива пријавите на кандидатите кои не ги исполнуваат општите и посебните услови наведени во огласот.

Врз основа на прифатените, отфрлените и одбиените пријави, Универзитетската изборна комисија со решение утврдува Листа на кандидати за ректор, по азбучен ред, која ја доставува до:

- кандидатите за ректор. На кандидатот чија пријава е отфрлена или одбиена се доставува и соодветното решение од ставот 2 на овој член;
- деканите на единиците.

### Член 132

Кандидатот има право на приговор против решението со која се утврдува листата на кандидати за ректор.

Приговорот се поднесува до Универзитетската изборна комисија во рок од 3 (три) дена од приемот на решението од ставот 1 од овој член.

Универзитетската изборна комисија одлучува со решение во рок од 3 (три) дена сметано од наредниот ден од денот кога истекува последниот ден за поднесување приговор.

Универзитетската изборна комисија донесува решение со кое:

- се усвојува приговорот, претходното решение се поништува и се донесува Конечна листа на кандидати за ректор;
- се одбива приговорот и претходното решение се потврдува и се донесува Конечна

листа на кандидати за ректор.

Решението на Универзитетската изборна комисија е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Решението се доставува до кандидатите за ректор, до деканите на единиците и до изборните комисии на единиците.

Доставувањето се врши согласно со овој Статут и Упатството што го донесува Универзитетската изборна комисија.

### *Постапка за спроведување на тајно гласање за избор на ректор во рамки на единиците на Универзитетот*

### Член 133

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња изготвени од страна на Универзитетската изборна комисија.

Гласачките ливчиња треба да бидат со иста големина и во иста боја.

Кандидатите за ректор на гласачките ливчиња се внесуваат по азбучен ред од нивното презиме.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број.

На секое гласачко ливче под утврдените кандидати во средината се става отпечаток на службениот печат на Универзитетот.

Пред да се премине на тајно гласање, еден од членовите на изборната комисија на единицата ги дава потребните објаснувања за начинот на гласањето.

Гласачките ливчиња се даваат на членовите на Наставно – научниот совет на единицата и гласањето се врши со прозивка од страна на еден од членовите на изборната комисија според списокот на членови на Наставно – научниот совет на единицата.

При тајното гласање, членот на Наставно - научниот совет на единицата на гласачкото ливче го означува кандидатот за кој гласа така што го заокружува редниот број пред името и презимето на истиот.

Доколку член на Наставно – научниот совет ги заокружил редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира, гласачкото ливче ќе се смета за неважечко.

Непотполнетото гласачко ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат гласал членот на Наставно – научниот совет, исто така се смета за неважечко.

### *Утврдување на резултатите од гласањето*

### Член 134

Изборната комисија на ниво на единица раководи со гласањето и ги утврдува резултатите од гласањето на ниво на единица.

По спроведеното тајно гласање, изборната комисија ги соопштува резултатите од гласањето.

Комисијата најпрво го утврдува бројот на оние кои гласале.

Неупотребените гласачки ливчиња комисијата ги пребројува и ги става во посебно плико и го запечатува. Потоа комисијата утврдува колку лица гласале според списокот, ја отвара гласачката кутија и ги пребројува гласачките ливчиња.

Резултатите од гласањето се утврдуваат според бројот на гласачките ливчиња пронајдени во гласачката кутија, а не според бројот на гласачите означени во списокот за гласање дека истите гласале, ако овие два броја не се совпаѓаат.

**Член 135**

По завршеното пребројување на гласовите, записникот со утврдените резултати од гласањето, списокот за гласање и употребените гласачки ливчиња се ставаат во посебно плико кое се запечатува. Во ова плико се ставаат одвоено и неупотребените гласачки ливчиња.

**Член 136**

По завршување на гласањето, се пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето, при што освоениот број на гласови на секој кандидат на секоја единица посебно се изразува во проценти од вкупниот број важечки гласови на единицата и се множи со бројот на сенаторите кои ги избира единицата, со што се добива бројот на поени што ги освоил секој од кандидатите.

Резултатите од гласањето за избор на ректор ги утврдува изборната комисија на единицата записнички.

По завршеното гласање, комисијата за спроведување на тајното гласање го доставува записникот заедно со целиот изборен материјал до Универзитетската изборна комисија.

***Доставување на записник и одлука за утврдување на избран кандидат за ректор***

**Член 137**

По добивањето на сите записници и изборниот материјал од сите единици на Универзитетот, Универзитетската изборна комисија ги сумира резултатите од гласањето на сите единици на Универзитетот, при што за ректор е избран кандидатот кој добил најголем број поени на ниво на Универзитет, односно чиј збир на поени е најголем, откако за секој кандидат поединечно ќе се соберат поените кои ги добил на секоја единица посебно и изготвува Записник и одлуката за утврдување на избран кандидат за ректор.

Записникот и одлуката на Универзитетската изборна комисија се доставуваат до пријавените кандидати за ректор во рок од 3 дена сметано од денот на гласањето.

Доставувањето се врши согласно со овој Статут и Упатството што го донесува Универзитетската изборна комисија.

**Член 138**

Незадоволниот кандидат има право на приговор на записникот и на одлуката на Универзитетската изборна комисија.

Приговорот се поднесува до Универзитетската изборна комисија во рок од 3 дена од приемот на актите од став 1 на овој член.

Основи за приговорот од ставот 1 на овој член се:

- повреди на спроведената постапка на единицата;
- утврдените резултати од гласањето на единицата;
- утврдените резултати од гласањето од страна на Универзитетската изборна комисија.

**Член 139**

Ако Универзитетската изборна комисија го усвои поднесениот приговорот, по правило, гласањето на единицата се повторува, доколку може да влијае на изборниот резултат.

**Член 140**

Универзитетската изборна комисија одлучува со решение во рок од 3 дена сметано од наредниот ден од денот кога истекол последниот ден за поднесување приговор.

Универзитетската изборна комисија донесува решение со кое:

- се усвојува приговорот, претходното решение се поништува и се донесува ново решение;
- се одбива приговорот и претходното решение се потврдува.

Решението на Универзитетската изборна комисија е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Решението се доставува до кандидатите за ректор.

***Сметање на роковите***

**Член 141**

Роковите од оваа глава се сметаат во работни денови.

Како неработни денови се сметаат сабота, недела, државни празници и други неработни денови утврдени со закон.

***Престанок на мандатот на ректорот***

**Член 142**

На ректорот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот ако:

- ако тоа сам го побара,
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на должноста ректор,
- ако ги исполни условите за старосна пензија или
- ако биде разрешен од должноста пред истекот на мандатот.

**Член 143**

Ако местото ректор на Универзитетот се испразни пред истекот на времето за кое е избран, ќе се избере нов ректор, најдоцна во рок од 90 (деведесет) дена од кога е местото испразнето.

Ако на местото ректор навремено не може да биде избран ректор или ако местото ректор е испразнето помалку од 6 (шест) месеци, до изборот на нов ректор, сенатот избира за вршител на должноста ректор еден од проректорите на универзитетот, за период од најмногу шест месеци. Едно лице може да биде избрано за вршител на должноста ректор само еднаш. Доколку ниеден од проректорите не го добие потребното мнозинство, се применува принципот на сениоритет меѓу проректорите, односно функцијата вршител на должност ректор ја врши проректорот кој прв бил избран во звањето редовен професор, односно највисокото звање во кое се избрани проректорите за период кој не може да биде подолг од шест месеци.

Вршителот на должноста ректор ги има сите права и должности на ректорот.

Најдоцна 30 дена од денот на изборот на вршителот на должноста ректор, се поведува постапка за избор на ректор.

**Член 144**

На денот на стапувањето на должноста на новоизбраниот ректор, примопредавањето на должноста се врши на свечен начин.

**Член 145**

Ако Сенатот не го прифати извештајот за работа на ректорот и за работа на Универзитетот, поведува постапка за разрешување на ректорот.

***Права, должности и одговорности на ректорот***

**Член 146**

Ректорот е должен еднаш во годината до Сенатот, Универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на Универзитетот, во кој е содржан и финансиски извештај.

Ако Сенатот не го прифати извештајот од ставот 1 на овој член, се поведува постапка за разрешување на ректорот.

Ректорот се разрешува на ист начин и постапка како и за неговиот избор, така што се смета дека е разрешен ако за разрешување гласале 50% од вкупниот број гласови на Универзитетот.

**Член 147**

За вршење на дел од своите права и обврски, ректорот може да овласти проректор, односно проректори.

Овластениот проректор, односно проректори, одговара за законитоста во извршувањето на својата работа.

**Член 148**

Ректорот може да формира комисии, односно работни тела или групи од редот на наставниците и другите членови на единиците и придружните членки, стручната и административна служба на Универзитетот, како и од надворешни лица за проучување на прашања и извршување на работи од значење за работата на Универзитетот.

Комисиите и другите работни тела или групи се должни на ректорот да му поднесат писмен извештај со соодветен предлог.

За формирањето на комисиите и работните тела или групи од претходниот став, решение донесува ректорот.

Во работењето, на Ректорот му помагаат 4 (четири) советници:

- советник - претходен ректор,
- советник за меѓународна соработка,
- советник за научна соработка,
- советник за правни работи

На лицата кои учествуваат во работата на ректорот, им следува соодветен надоместок, што го определува Ректорот.

**Член 149**

Ректорот на Универзитетот ја контролира и координира работата на раководните органи на единиците на Универзитетот во врска со остварувањето на ставовите, одлуките и заклучоците

на Сенатот и Ректорската управа, во врска со остварувањето на улогата, задачите и дејноста на Универзитетот утврдени со закон, со овој Статут и со актите на Универзитетот.

**Член 150**

Ректорот на Универзитетот, по потреба, може да ги свикува деканите и други одговорни лица, заради разгледување на прашања од интерес на единиците на Универзитетот или на Универзитетот во целина.

**Член 151**

Единиците и придружните членки во состав на Универзитетот се должни, по барање на ректорот, да го информираат за сите прашања што се од интерес за остварување на целите и задачите на Универзитетот и да му овозможат пристап до сите документи од нивното работење.

***Одговорност на ректорот за законитоста***
***и статутарноста***

**Член 152**

Ректорот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на Универзитетот и на единиците во негов состав и има право и должност да запре од извршување, односно да укине акт на нивните органи, за којшто смета дека не е во согласност со закон, овој Статут или друг општ акт на Универзитетот.

Единицата на Универзитетот чијшто акт е укинат, може да поднесе жалба до Сенатот во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на одлуката на ректорот. Одлуката на Сенатот е конечна.

Доколку во рок од 30 (триесет) дена од денот на запирањето од извршување на актот на Универзитетот или единицата, Универзитетот односно единицата не изврши усогласување на актот со причините за неговото запирање, ректорот покренува постапка за оценка на неговата уставност и законитост до Уставниот суд на Република Македонија.

Доколку ректорот во рокот од став 3 не поднесе иницијатива, актот останува во важност.

**Член 153**

Ректорот може за непочитување на закон, овој Статут, општ акт или одлука на Универзитетот, за злоупотреба или пречекорување на овластувањата, да суспендира декан на единица и да постави вршител на должноста декан.

За спроведување на постапката за утврдување на случаите од претходниот став на овој член, ректорот може да формира комисија.

Во постапката учествува и деканот, односно в.д. деканот.

Ректорот може да суспендира и в.д. декан, под условите утврдени со став 1 на овој член и да постави друго лице за в.д. декан.

Сенатот во рок од 30 (триесет) дена од суспендирањето на деканот, одлучува за одлуката на ректорот од став 1 на овој член. Доколку Сенатот ја потврди суспензијата дава предлог на ректорот за разрешување на деканот, така што во рок од 3 (три) месеци ќе се спроведе

постапка за избор на декан.

Ако Сенатот не ја потврди суспензијата на декан, мандатот на деканот, продолжува до крајот на периодот за кој е избран.

**Член 154**

Мандатот на в.д. деканот завршува во секој случај со изборот на декан во редовна постапка без оглед на времето за кое истиот е назначен.

***Проректори***
***Положба и избор***

**Член 155**

Универзитетот има 4 (четири) проректори:

- за настава и студенти,
- за наука,
- за финансии, инвестиции и развој
- за меѓународна соработка.

Проректорите се избираат од редот на професорите од единиците на Универзитетот.

Вршењето на должноста проректор е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

**Член 156**

Ректорот на Универзитетот предлага 4 (четири) проректори.

Проректорите по предлог на ректорот ги избира Ректорската управа со јавно гласање, за време од 3 (три) години, со право на уште еден избор.

Ректорската управа може да одлучува доколку на седницата присуствуваат најмалку 2/3 (две третини) од вкупниот број членови на Ректорската управа, а за проректор е избран оној кандидат кој ќе добие мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот.

Ако кандидатот, односно кандидатите за проректори не го добијат мнозинството гласови од претходниот став на овој член, ректорот предлага друг кандидат, односно кандидати и тој предлог го доставува на првата наредна седница на Ректорската управа.

***Права, должности и одговорности на проректорите***

**Член 157**

Ректорот, во договор со проректорите, ги распоредува работите и работните задачи од областа на наставно - образовната, научно - истражувачката, развојната и финансиско - инвестиционата дејност, соработката со универзитетите во земјата и во странство и други дејности.

Проректорите, за работата од својот делокруг, одговараат пред Ректорот и Ректорската управа.

**Член 158**

Проректорите се грижат, ги координираат и ги усогласуваат високообразовната, научно - истражувачката, финансиската, инвестиционата и развојната дејност и соработката со универзитетите во земјата и во странство. Вршат и други работи и работни задачи.

**Член 159**

Во случај на спреченост или отсутност на ректорот, може да го заменува еден од проректорите што ќе го определи ректорот.

**Член 160**

На проректорот може да му престане функцијата пред истекот на мандатот за кој е избран под истите услови како за престанок на функцијата ректор на универзитетот..

Ректорот може да поднесе предлог за разрешување на проректор.

***Ректорска управа***

***Состав***

**Член 161**

Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на единиците на Универзитетот и 1 (еден) претставник на студентите избран од Студентското собрание на Универзитетот.

Доколку се решаваат прашања од посебен интерес за студентите, тогаш е потребно присуство на најмалку 2 (двајца) студенти избрани од Студентското собрание, со еднакво право на глас како и останатите членови на Ректорската управа.

Во работата на Ректорската управа учествува и генералниот секретар на Универзитетот, без право на одлучување.

***Надлежност на Ректорската управа***

**Член 162**

Ректорската управа:

- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува сенатот,
- го утврдува и го објавува конкурсот за запишување на студиите од прв, втор и трет циклус на Универзитетот, по претходна согласност од Владата на Република Македонија,
- дава мислење за студиските програми на факултетите и уметничките академии во состав на универзитетот,
- донесува одлуки за тековната меѓународна соработка на Универзитетот,
- го уредува издавањето на дипломи и други документи за завршени студии на високо образование на Универзитетот и
- утврдува предлог за висината на партиципација и школарина на студентите на Универзитетот.

***Начин на работа***

**Член 163**

Со Ректорската управа раководи ректорот.

Во работата на Ректорската управа можат да учествуваат и директорите на придружните членки кога се расправа за прашања од нивната дејност.

Ректорската управа утврдува кои прашања спаѓаат во дејноста на придружната членка.

**Член 164**

Ректорската управа ги врши работите од својата надлежност на седници.

Седниците на Ректорската управа се јавни.

Ректорската управа може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и други свечености.

**Член 165**

Членот на Ректорската управа има право и должност да присуствува на седниците на Управата и да учествува во нејзината работа.

Членот на Управата којшто е спречен да присуствува на седницата на Ректорската управа е должен за тоа благовремено да извести.

Членот на Ректорската управа којшто е спречен да присуствува на седницата може да овласти лице што ќе го заменува на седницата.

**Член 166**

Членот на Ректорската управа има право и должност да предлага одлуки и други акти што ги донесува Управата и да учествува во претресот на предлог - одлуките, актите и другите прашања што се на дневен ред на седницата на Управата.

Членот на Ректорската управа има право и должност да гласа.

Членот на Управата е должен активно да ја врши својата функција и да се придржува кон пропишаниот ред на седницата на Ректорската управа.

Членот на Ректорската управа може да присуствува и на седниците на другите работни тела и комисии, како и да учествува во нивната работа, но без право на одлучување.

**Член 167**

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа, раководи со нивната работа и се грижи за нивниот тек.

Во негово отсуство, седницата на Ректорска управа ја свикува и со неа раководи еден од проректорите на Универзитетот, овластен од ректорот.

**Член 168**

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа по своја иницијатива или на барање од најмалку 1/5 (една петина) од членовите на Ректорската управа или од 1 (една) единица на Универзитетот.

**Член 169**

Ректорската управа на своите седници донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења.

**Член 170**

Ректорската управа може да работи ако на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управата.

Одлуките на Ректорската управа се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Ректорот е должен да го формулира предлогот за кој се гласа и по гласањето да соопшти каква одлука е донесена. Прифатената формулација на одлуката се внесува во записник.

Одлуките донесени на седница на Ректорската управа ги потпишува ректорот, а во негово отсуство еден од проректорите којшто ректорот ќе го овласти.

***Универзитетски совет***

**Член 171**

Универзитетскиот совет (во понатамошниот текст: Совет) брои 11 (единаесет) члена.

***Избор и мандат на членовите на Советот***

**Член 172**

Во Советот 5 (пет) члена именува Сенатот и тоа по 1 (едно) лице од секое наставно - научно подрачје кое не е член на Сенатот, а е избрано на Универзитетот во звање редовен професор или вонреден професор.

Двајца претставници во Советот именува Универзитетското студентско собрание.

Основачот на Универзитетот - Собранието на Република Македонија именува 3 (три) члена, а 1 (еден) член именува организацијата на работодавачи на Република Македонија - Стопанската комора на Република Македонија.

Во работата на Советот учествува и ректорот без право на глас.

Мандатот на членовите на Советот трае 3 (три) години без право на повторен избор.

Мандатот на студентот во Советот трае 1 (една) година без право на повторен избор.

Советот од редот на своите членови избира претседател.

Советот, претседателот го избира со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

***Надлежност на Универзитетскиот совет***

**Член 173**

Универзитетскиот совет врши надзор над извршувањето на дејноста на универзитетот, задачите на универзитетот во согласност со закон, законитоста на неговото работење, рационалната употреба на кадровските и материјалните ресурси и врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на универзитетот.

Советот одлучува на седници.

Седниците ги закажува и со нив претседава претседателот на Советот.

Советот може да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од

вкупниот број членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Гласањето на седниците на Советот се врши јавно, а за определени прашања Советот може да одлучи гласањето да биде тајно.

Советот најмалку еднаш годишно доставува извештај до министерството надлежно за работите на високото образование и до Сенатот.

## Одбор за соработка и доверба со јавноста
## Член 174

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно-истражувачката работа или уметничкото творештво, како и да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, единица на универзитетот формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста, односно одбор на високата стручна школа за соработка и доверба со јавноста.

Одборот за соработка и доверба со јавноста брои 6 (шест) члена:

- 3 (три) члена избира Наставно-научниот совет на Факултетот, од кои 2 (два) члена по предлог на катедрите од редот на наставно-научниот кадар на Факултетот и 1 (еден) член по предлог на Студентското собрание на Факултетот од редот на студентите;
- 1 (еден) член номинира Собранието на Р. Македонија;
- 1 (еден) член номинира Стопанската комора на Р. Македонија;
- 1 (еден) член номинира Општина Охрид.

По прашањата за кои одборот за соработка и доверба со јавноста расправа, се усвојуваат препораки.

## *Работни тела, комисии и постапка за донесување на општите акти на Универзитетот*

### *Работни тела и комисии*

### Член 175

Универзитетот формира комисии, одбори и други работни тела за проучување и подготвување на предлози за прашања од делокругот на работа на органите на Универзитетот.

### Член 176

Универзитетот ги формира следниве постојани комисии:

- Комисија за наставна и научна дејност;
- Комисија за финансии, инвестиции и развој и
- Комисија за издавачка дејност.

- Комисија за соработка со универзитетите во земјата и странство,
- Комисија за нормативна дејност,
- Комисија за студентски стандард.
- Комисија за култура и спорт.
- Комисија за информатичка технологија.

По потреба, на Универзитетот може да се формираат и други постојани и повремени комисии или работни тела.

**Член 177**

Сенатот, по предлог на Ректорската управата, со одлука ги утврдува надлежностите и составот на комисиите и ги именува нивните претседатели, при што се води сметка за составот, односно застапеноста на претставници од различни наставно - научни области.

**Член 178**

Комисијата може да работи ако на седницата присуствува мнозинство од членовите на комисијата, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Заради проучување на одделни прашања од својата надлежност и подготвување на извештаи и нацрт - акти за потребите на органите на Универзитетот, комисиите можат да формираат работни групи од наставници, соработници, студенти, други вработени лица на Универзитетот, како и од членови на заинтересирани органи и организации.

**Член 179**

Комисиите даваат предлози и мислења и донесуваат одлуки и заклучоци по постапка пропишана со Деловникот за работа на комисиите и другите работни тела.

**Член 180**

Членовите од редот на студентите во комисиите и работните тела на Универзитетот, ги избира Универзитетското студентско собрание.

***Постапка за донесување на општите акти на Универзитетот***

**Член 181**

Нацрт - општите акти на Универзитетот ги подготвуваат работните тела и стручната и административна служба на Универзитетот.

**Член 182**

Откако Ректорската управа ќе го утврди нацрт - општиот акт, истиот се доставува на јавна расправа до единиците на Универзитетот и придружните членки кога се однесува на нив.

Врз основа на мислењата и предлозите на единиците и придружните членки, соодветното тело на Универзитетот подготвува предлог на општиот акт.

Предлогот на општиот акт се доставува до Сенатот за донесување, односно до Ректорската управа, кога донесувач на општиот акт е Ректорската управа.

**Член 183**

Измените и дополнувањата на општите акти се вршат на начинот и постапката по кои се донесуваат.

**Член 184**

Статутот и другите општи акти на Универзитетот и единиците во негов состав, се објавуваат во Универзитетски гласник.

Во Универзитетскиот гласник се објавуваат општите акти и на придружните членки со кои се регулираат прашањата од доменот на улогата, целите, задачите и дејноста на Универзитетот.

Општите акти на Универзитетот и на единиците влегуваат во сила најрано со денот на објавување во Универзитетски гласник.

Поблиски одредби за издавањето на Универзитетски гласник, донесува Универзитетскиот сенат.

## X. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 185**

Органи на факултетот се: наставно - научен совет, декан и деканатска управа.

На факултетот се формира факултетско студентско собрание како тело на факултетот.

***Наставно - научен совет***

**Член 186**

Наставно - научниот совет е орган на управување и стручен орган на единиците на Универзитетот.

***Состав на наставно - научен совет***

**Член 187**

Наставно - научниот совет го сочинуваат редовните професори, вонредните професори и доцентите кои се во редовен работен однос на факултетот.

**Член 188**

На единица на Универзитетот на која се избрани повеќе од 150 наставници, наставно – научниот совет го сочинуваат претставници избрани од организационите единици (катедри, институти, оддели, центри и слично), од страна на редовните и вонредните професори и доцентите.

Изборот се врши сразмерно на наставниците избрани, односно распоредени во организационата единица на начин и според условите определени со овој Статут и статутот на единицата.

Секоја организациона единица на единицата на Универзитетот е застапена со најмалку 1 (еден) претставник.

Изборот се врши со тајно гласање од страна на лицата избрани во звање во работен однос на Универзитетот, а кои се распоредени во соодветната внатрешно - организациона единица на Универзитетот.

**Член 189**

Во наставно - научниот совет, свои претставници избира и Факултетското студентско собрание.

Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10% (десет проценти) од вкупниот број членови на наставно - научниот совет и се избираат за мандатен период од 2 (две) години.

***Стручни тела на наставно - научниот совет***

**Член 190**

Наставно – научниот совет на единицата, за проучување на одделни прашања, изработка на извештаи и подготовка на одлуки од својот делокруг, може да формира постојани и повремени комисии.

Задачите, составот и начинот на работа на комисиите се утврдува со одлуката за нејзино формирање.

***Начин на работа***

**Член 191**

Седниците на наставно - научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на единицата.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата раководи продеканот на единицата.

Деканот е должен да свика седница на наставно - научниот совет доколку тоа го бара 1/3 од членовите.

Начинот на донесувањето на одлуките, како и други прашања од работата на наставно – научниот совет, поблиску се уредува со статутот на единицата на Универзитетот.

***Декан на факултет и негови надлежности***

**Член 192**

Деканот на факултетот врши работи утврдени со закон.

Деканот е раководен орган на факултетот.

Деканот го претставува факултетот во државата и во странство, во согласност со Статутот

на Универзитетот.

Вршењето на должноста декан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето на факултетот.

По положба, деканот на факултетот е член на Ректорската управа на Универзитетот.

Надлежностите на деканот се утврдени со закон, со овој Статут и со Статутот на единицата.

***Услови за избор и разрешување на декан***

**Член 193**

Деканот се избира за време од 3 (три) години со право на уште еден избор.

Вкупниот мандат на деканот од став 1 на овој член, се однесува за избор на која било единица во состав на Универзитетот.

**Член 194**

Наставно - научниот совет, со тајно гласање, избира декан на факултетот и одлуката за избор му ја доставува на Универзитетскиот сенат за потврдување.

За избор на декан, наставно – научниот совет , може полноважно да одлучува доколку се присутни 2/3 (две третини) од вкупниот број на негови членови.

Избран е оној кандидат којшто добил мнозинство гласови од присутните членови на наставно – научниот совет кои гласале.

**Член 195**

Постапката за избор на декан на факултетот, започнува 3 (три) месеци пред истекот на мандатот на актуелниот декан.

Наставно - научниот совет, донесува одлука за започнување на постапката и формира изборна комисија составена од 3 (три) члена. Ако наставно-научниот совет не ја донесе одлуката, одлука за започнување на постапката донесува ректорот.

Секој редовен и вонреден професор, а доколку такви нема и секој доцент, доколку ги исполнува условите од овој Статут, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на донесувањето на одлуката од став 2 на овој член има право да се кандидира за декан.

Пријавените кандидати доставуваат пријава и програма за работа за мандатниот период.

Пријавите и програмите на кандидатите за декан се доставуваат до членовите на наставно – научниот совет, во рок од 3 дена од денот на нивното поднесување.

**Член 196**

Ако во првиот круг од гласањето за избор на декан, ниту еден од пријавените кандидати не го добие потребното мнозинство на гласови, гласањето се повторува за двајца кандидати кои добиле најмногу гласови.

Ако ниеден од пријавените кандидати за декан не го добие потребното мнозинство гласови при повторното гласање, целата изборна постапка се спроведува од почеток.

Ако за избор на декан има предложено само еден кандидат и ако при гласањето во првиот круг тој не го добие потребното мнозинство гласови, целата постапка се повторува.

При повторната постапка не учествуваат кандидатите за декан од претходната постапка.

**Член 197**

Изборот на декан, извршен од страна на наставно - научниот совет, го потврдува Сенатот.

Ако Сенатот не го потврди изборот на декан, целата изборна постапка се повторува.

Во повторената постапка не учествува претходниот кандидат за декан.

Сенатот нема право да го потврди изборот на декан, ако тој не ги исполнува условите утврдени со закон, овој Статут или при сторена повреда на постапката за избор.

**Член 198**

Начинот на пријавување за декан и разрешување на деканот и продеканот, поблиску се уредува со Статутот на единицата, во согласност со овој Статут.

***Престанок на мандатот на деканот пред истекот на рокот за кој е избран***

**Член 199**

Мандатот на деканот престанува пред истекот на рокот за кој е избран под услови и постапка предвидени со Законот за високото образование.

Ако на деканот му престане функцијата пред истекот на времето за кое е избран, Ректорот именува в.д. декан согласно со Законот за високото образование.

***Разрешување на декан***

**Член 200**

Ако наставно – научниот совет, не го прифати годишниот извештај за работа на деканот, се поведува постапка за негово разрешување на начин и под услови како и за неговиот избор.

Деканот којшто е разрешен има право на приговор до Сенатот.

Одлуката на Сенатот по приговорот е конечна.

Ако деканот е разрешен, до изборот на нов декан, ректорот назначува в.д. декан, согласно со овој Статут.

Одредбите од претходниот став се применуваат и во случај кога мандатот на деканот на факултетот престанал и во други случаи утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот.

Во случај на разрешување на деканот на факултетот, се спроведува постапка за избор на декан утврдена со овој Статут. Во таа постапка, разрешениот декан на факултетот, не може да биде предложен за кандидат за декан на факултет.

***Продекан***

**Член 201**

Единицата, односно факултетот, има најмалку 1 (еден), а најмногу 2 (два) продекани кои ги предлага деканот.

**Член 202**

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да го овласти продеканот.

**Член 203**

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Член 204**

Продеканот го избира наставно - научниот совет по предлог на новоизбраниот декан, според постапката предвидена за избор на декан.

Продеканот се избира од редот на редовните професори, вонредните професори и доцентите за мандатен период од 3 (три) години, со право на уште еден избор.

Ако наставно – научниот совет, не го избере предложениот кандидат за продекан на факултетот, деканот на факултетот е должен да предложи нов кандидат, односно да даде предлог за продекан на наредната седница на наставно – научниот совет на факултетот.

За разрешување на продекан на факултетот, соодветно се применуваат одредбите кои се однесуваат на разрешување на декан на факултетот.

Разрешување на продеканот од страна на наставно - научниот совет на факултетот, може да побара деканот доколку оцени дека продеканот не му помага во работата или понатамошната негова соработка со продеканот битно му ја отежнува работата во остварување на неговата програма.

**Член 205**

Продеканот врши работи што ќе му ги определи деканот за области од дејноста на единицата, односно факултетот.

За својата работа продеканот одговара пред наставно - научниот совет и пред деканот.

***Деканатска управа***

**Член 206**

Деканатската управа е орган на управување на факултетот и брои најмалку *5 (пет),* но не повеќе од 15 *(петнаесет)* члена.

Деканатската управа на факултетот ја сочинуваат: деканот, продеканот, односно продеканите и раководителите на внатрешните наставно - научни организациони единици определени со статутот на факултетот, избрани на тајни и непосредни избори од страна на членовите на организационите единици за период од 3 (три) години со право на еден реизбор и најмалку 1 (еден) член избран од факултетското студентско собрание.

Доколку бројот на раководителите на катедрите го надминува дозволениот број на членови во Управата, максимално дозволениот број на членови ќе се добие по пат на меѓусебен договор помеѓу раководителите.

Заради оптимално задоволување на претставеноста во Деканатската управа, времетраењето на мандатот за членство во Управата на катедрите изнесува 3 (три) години, со задолжителна ротација за членство за секоја од катедрите.

Раководителите на катедрите кои во одреден период не се членови на Управата, можат да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на Управата без право на одлучување.

Членот на Управата избран од Факултетското студентско собрание, се избира на начин и постапка утврдени со статутот на Факултетското студентско собрание.

Во работата на Деканатската управа на факултетот учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

**Член 207**

Деканатската управа врши работи утврдени со закон.

Деканатската управа на факултетот во рамките на својата надлежност:

- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Факултетот и за односите на пошироката општествена заедница и државните органи;
- донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите кои согласно со закон се во надлежност на наставно – научниот, односно уметничкиот совет на Факултетот;
- согласно со закон, му предлага на Универзитетот измена или проширување на дејноста на Факултетот;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува наставно – научниот, односно уметничкиот совет и деканот на Факултетот;
- формира постојани и повремени работни тела и
- врши и други работи определени со Статутот на Универзитетот и другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

**Член 208**

Деканатската управа на Факултетот работи на седници.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот на факултетот.

Деканатската управа на Факултетот може да работи доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број на нејзини членови, а одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од членовите на Деканатската управа на факултетот.

Деканатската управа на факултетот одлучува со јавно гласање, освен ако не одлучи гласањето да биде тајно.

## XI. ОВЛАСТУВАЊА, ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

***Овластувања на единиците на Универзитетот***

**Член 209**

Единиците на Универзитетот настапуваат под називот на Универзитетот и под својот назив.

Единицата на Универзитетот има печат и штембил што се ставаат на актите кои ги донесува единицата и се употребуваат за архивското работење на единицата.

Формата, содржината и бројот на печатот и штембилот на единицата, се уредува со Статутот на единицата.

**Член 210**

Единицата ја организира и остварува високообразовната, научно - истражувачката и применувачката, односно апликативната, високостручна дејност како единствен процес.

***Права и обврски на единиците на Универзитетот***

**Член 211**

Единиците на Универзитетот имаат права и обврски за:

- активно и постојано учество и придонес во остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците;
- иницирање на прашања и предлагање на решенија од доменот на дејноста на Универзитетот и на единиците;
- активно учество во работата на органите и работните тела на Универзитетот и на единиците;
- реализација на актите, одлуките и задачите на органите на Универзитетот и на единиците и
- почитување на дигнитетот и достојна употреба на името и обележјата на Универзитетот.

Единиците како и придружните членки се должни да го почитуваат Кодексот на однесување утврден од Универзитетскиот сенат.

***Статусни промени***

**Член 212**

Единиците на Универзитетот може да се спојат, да се поделат или да се присоединат под услови и на начин утврдени со закон и со овој Статут.

Единица на универзитет може да се присоедини од еден кон друг универзитет.

Предлог за статусна промена од став 1 на овој член до основачот на Универзитетот, дава министерството надлежно за работите на високото образование.

Предлог за статусна промена до министерството надлежно за работите на високото образование, може да даде и Универзитетот.

Предлогот се смета за утврден доколку го прифатат најмалку 2/3 од другите единици на Универзитетите.

Одлука за усвојување на спогодбата за присоединување на единиците, донесуваат Универзитетските сенати на универзитетите чии единици се присоединуваат, која понатаму се доставува до Собранието на Република Македонија.

Единиците на Универзитетот можат да извршат статусни промени и во рамки на Универзитетот.

Предлог за статусна промена поднесува единицата на Универзитетот на која истата се однесува.

По предлогот се изјаснуваат наставно - научните совети на единиците.

Предлогот се смета за утврден доколку го прифатат најмалку 2/3 од единиците на Универзитетот.

Одлука за усвојување на спогодбата за спојување или присоединување која ја склучиле единиците на кои се однесува статусната промена, односно за поделба на единица на универзитетот, донесува Универзитетскиот сенат, која понатаму се доставува до Собранието на Република Македонија.

Со одлуката за статусна промена, се утврдува: начинот на кој студентот ќе ги заврши студиите според студиските програми на кои ги започнал истите, правата и обврските на единиците, статусот на имотот што го користеле, односно што ќе го користат, документацијата,

исправите, архивата и други прашања од значење за статусната промена.

***Престанок на единица на Универзитетот***

**Член 213**

Единица во состав на Универзитетот престанува да постои:

- врз основа на закон за нејзин престанок;
- врз основа на акт на надлежен орган за одземање на правото за вршење високообразовна дејност согласно со закон и
- со припојување, спојување и поделба, согласно со закон и овој Статут.

За случаите од претходниот став на овој член, одлука донесува Универзитетскиот сенат.

## XII. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

**Член 214**

На Универзитетот се организираат студии во три циклуси - степени во согласност со Болоњската декларација.

По завршувањето на студиите од став 1 на овој член, лицето се стекнува со соодветна квалификација, согласно со националната и со европската рамка на квалификации на високото образование.

**Член 215**

Студиите на Универзитетот се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми и според правилата за студирање засновани на Европскиот систем на пренос и акумулација на кредити (ЕКТС - European Credit Transfer and Accumulation System).

**Член 216**

Бројот на стекнати ЕКТС кредити претставува квантитативна мерка на работи и активности неопходни за успешно завршување на студиите од соодветниот предмет.

***Достапност на високото образование на Универзитетот***

**Член 217**

Универзитетот обезбедува пристап до студиските програми под еднакви услови и селекција на кандидатите за упис, врз принципот на рамноправност на сите кандидати, без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

***Права на странски државјани***

**Член 218**

Странските државјани можат да се запишат на студии на Универзитетот.

Условите за запишување, се утврдуваат со соодветен конкурс.

Одлука за висината на школарината донесува Универзитетскиот сенат.

***Носители на студиите***

**Член 219**

Студиите се изведуваат на единиците и на Универзитетот.

Ако повеќе единици изведуваат една студиска програма, една од нив, по правило онаа што има доминантно учество во реализацијата, со одлука на Универзитетскиот сенат е носител на студиите - координатор.

Единиците од претходниот став на овој член се одговорни за реализацијата на студиските програми.

Универзитетот може, врз основа на договор за соработка, да организира и изведува студии заедно со друга високообразовна или научна установа од државата и од странство, за што одлучува Универзитетскиот сенат.

***Почеток и завршување на студиска година***

**Член 220**

Студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен или на три семестри, со можност наставата да се остварува во циклуси.

Наставата во зимскиот семестар започнува на 1 октомври и трае до 15 јануари следната година, а наставата во летниот семестар започнува на 15 февруари до 1 јуни.

Универзитетскиот календар за наредната академска година се донесува од страна на Сенатот на Универзитетот, најдоцна 60 дена пред почетокот на наставата и се објавува преку универзитетските гласила (огласна табла, интернет - страница и сл.).

Универзитетскиот календар ги содржи рамковните одредби за почетокот и крајот на студиската година, термините за одржување на наставата, испитите и државните и универзитетските празници.

***Прв циклус универзитетски студии***

**Член 221**

Првиот циклус на студии се остварува согласно со закон, овој Статут и Правилникот на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии.

На Универзитетот се остваруваат студии од прв циклус како:

- прв циклус академски студии  (додипломски студии) и
- прв циклус стручни студии.

Одредени студиски програми можат да се реализираат интегрирано низ првиот и вториот циклус на студии.

Студентите од прв циклус студии имаат право да ги завршат започнатите студии според студиската програма на која се запишале, најдолго за времето што е два пати подолго од пропишаното траење на студиите.

Доколку по истекот на рокот од претходниот став студентот не ги заврши студиите, со одлука на единицата на Универзитетот се утврдуваат дополнителните услови и рокот за кој студентот може да ги заврши студиите.

Доколку по истекот на рокот од претходниот став настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма врз основа на општ акт на Универзитетот и на единицата.

Доколку по истекот на рокот од овој член студиската програма згасне, студентот може стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска програма и да ги продолжи студиите врз основа на општ акт на Универзитетот и на единицата.

Доколку по истекот на рокот од овој член не настане измена, односно згаснување на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите на студиската програма на која се запишал.

### *Втор циклус универзитетски студии*

### Член 222

Вториот циклус на студии се остварува согласно со закон, овој Статут и Правилникот на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии.

Студентите од втор циклус студии имаат право да ги завршат започнатите студии според студиската програма на која се запишале, во следниве рокови:

- едногодишни студии за 3 (три) години;
- двогодишни студии за 5 (пет) години.

Доколку по истекот на рокот од претходниот став, настане измена на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите по изменетата студиска програма врз основа на општ акт на Универзитетот и на единицата.

Доколку по истекот на рокот од овој член студиската програма згасне, студентот може стекнатите кредити за одредени предметни програми да ги пренесе на друга студиска програма и да ги продолжи студиите врз основа на општ акт на Универзитетот и на единицата.

Доколку по истекот на рокот од овој член не настане измена, односно згаснување на студиската програма, студентот може да ги продолжи студиите на студиската програма на која се запишал.

### *Постапка за пријава, оценка и одбрана на стручен, односно магистерски труд*

### Член 223

Стручниот труд е самостојна стручна работа со која се систематизираат постојните знаења и се придонесува за решавање на проблеми од практиката.

Магистерскиот труд е резултат на самостојна работа на студентот со кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за нивниот понатамошен развој.

### Член 224

Ментор за магистерски/стручен труд може да биде предметниот наставник од чија област се работи завршниот труд или по избор на студентот, по претходно одобрение од наставно – научниот совет.

**Член 225**

Менторот го води студентот во неговата истражувачка и научна работа и му дава помош во целокупниот процес на изработка на магистерски/стручен труд.

**Член 226**

За барањето за промена на менторот одлучува наставно - научниот совет на единицата.

**Член 227**

Одбраната тема студентот ја пријавува писмено до единицата.

Координаторот на вториот циклус на студии на единицата е одговорен за правилноста на постапката за избор на тема за магистерски/стручен труд во вториот циклус на студии.

**Член 228**

Студентот ја избира и пријавува темата за магистерски/стручен труд по завршувањето на првиот семестар,а најдоцна до завршување на последниот семестар.

Пријавата содржи: наслов на темата, образложение за научната и стручната оправданост на темата, план за работа, преглед на литературата и предлог за ментор.

Наставно – научниот совет го определува насловот на темата во рамките на научната област на која се изведуваат магистерските/стучните студии.

Насловот на темата може да биде предложен и од кандидатот во договор со менторот.

**Член 229**

Одлука за определување на менторот, донесува наставно – научниот совет.По образложено барање на кандидатот или менторот, наставно - научниот совет може да донесе одлука за промена на менторот.

**Член 230**

Насловот на прифатениот магистерскиот/стручен труд се објавува во „Универзитетски билтен“ и на веб - страницата на единицата, на македонски и на англиски јазик.

**Член 231**

Магистерскиот/стручен труд е самостоен труд во кој студентот обработува одбрана тема со примена на научни и стручни методи, докажува дека ја совладал наставната програма, се стекнал со потребното знаење и се оспособил за негова примена.

**Член 232**

Резултатите во магистерски/стручен труд треба да претставуваат придонес на:

- систематизација на научни или стручни, односно уметнички задачи и постоечки решенија за одредена област;

- решавање на актуелна научна/стручна задача која е поставена како цел на трудот и
- примена на постоечки научни/стручни достигнувања во решавање на комплексно - стручната задача.

**Член 233**

Магистерскиот/стручниот труд може да се предаде по положувањето на сите испити и извршување на другите обврски предвидени со студиската програма.

**Член 234**

Магистерскиот/стручниот труд треба да биде коректно обликуван јазично, стилски и технички, во согласност со современата методологија, техника и технологија за изработка на публикации, што ја утврдува посебно секоја единица.Магистерскиот/стручниот труд се пишува на англиски јазик и македонски јазик.

**Член 235**

Студентот по завршувањето на трудот и завршување на менторската фаза, поднесува писмено барање за спроведување на постапка за оценка и одбрана на магистерски/стручен труд до Архива за студентски досиеа.

Барањето содржи:

- пријава;
- образложен предлог на менторот за завршената менторска фаза и писмена согласност од менторот дека трудот ги исполнува критериумите наведени во образложението на темата;
- 8 (осум) примероци од трудот и
- извештај од службената евиденција за испитите и ЕКТС кредити на кандидатот.

**Член 236**

Комплетната документација архивата за студентски досиеа на втор циклус студии ја доставува до наставно – научниот совет на единицата на Универзитетот.

**Член 237**

Наставно – научниот совет, во рок од 45 дена од денот на доставување на барањето, формира комисија за оценка на магистерскиот/стручниот труд, составена од 3 (три) члена: претседател и два члена.

Задолжително еден од членовите на комисијата е менторот.

**Член 238**

Комисијата подготвува извештај во кој дава оценка и образложение на трудот (краток

приказ на трудот: поставена цел, применети методи, добиени резултати и заклучоци од реализираните истражувања), најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од денот на предавањето на трудот.

**Член 239**

По прегледувањето на трудот, комисијата може да му го врати трудот на студентот да го доработи и дополни, и да определи краток рок во кој студентот треба да ја изврши таа обврска.

**Член 240**

Доколку комисијата го одбие магистерски/стручен труд, студентот може да поднесе нова пријава на темата за магистерски/стручен труд, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на одлуката за одбивање.

**Член 241**

Извештајот се доставува до наставно - научниот совет на единицата.

Наставно – научниот совет во рок од 30 (триесет) дена од приемот на извештајот донесува одлука за прифаќање или неприфаќање на магистерски/стручен труд.

**Член 242**

По усвојувањето на извештајот, наставно - научниот совет формира комисија за одбрана и го определува денот на одбраната, во рок од 15 дена од прифаќањето на извештајот.

Членовите на комисијата за оценка на магистерскиот односно стручниот труд можат да бидат членови на комисијата за одбрана.

**Член 243**

Известување за усвојувањето на извештајот и датумот за одбрана на магистерски/стручен труд му се доставува на студентот и се објавува на огласната табла и на веб-страницата на единицата.

**Член 244**

Одбраната на трудот е јавна и се објавува на единицата, најмалку 7 (седум) дена пред денот на одбраната.

**Член 245**

Одбраната на магистерски/стручен труд се врши на следниов начин:

- претседателот на комисијата ја отвора постапката за одбрана на магистерски труд, ги изнесува податоците за студентот, насловот на трудот, времето на изработка и менторот;
- студентот го претставува својот труд, со образложение на целта, задачите, методите на изработка, добиените резултати, дискусиите за резултатите и заклучоците;
- членовите на комисијата можат да поставуваат прашања и да ги коментираат

резултатите на магистерски/стручен труд;

- претседателот на комисијата може да им дозволи на присутните да поставуваат прашања или да ги коментираат резултатите на магистерски/стручен труд;
- комисијата се повлекува заради донесување на одлука и
- претседателот на комисијата, по спроведената постапка, му ја соопштува на студентот одлуката на комисијата.

Во текот на одбраната на магистерскиот/стручниот труд се води записник.
Записникот го потпишуваат членовите на комисијата.

**Член 246**

По завршувањето на одбраната на трудот, комисијата за одбрана на трудот јавно ја соопштува оценката на одбраната на магистерскиот/стручниот труд.

Оценувањето се врши со две описни оценки: „го одбранил“ магистерскиот/стручниот труд или „не го одбранил“ магистерскиот/стручниот труд.

**Член 247**

Магистерскиот труд и одбраната се јавни.

**Член 248**

Студентот брани магистерски труд најдоцна во рок од две години од денот на одобрување на темата на магистерскиот труд.

Студентот брани стручен труд најдоцна во рок од една година од денот на одобрување на темата на стручниот труд.

По барање на студентот , единицата на Универзитетот може да одобри продолжување на рокот за одбрана на стручниот,односно магистерскиот труд за времето додека траела причините за спреченоста за работа на магистерскиот односно стручниот труд.

Како оправдани причини се сметаат :

1.Подолготрајна тешка болест.

2. бременост и породување.

3.одсуство од земјата во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство ,учество во научни и спортски експедиции и сл.и

4.Други оправдани причини.

***Трет циклус на универзитетски студии - докторски студии***

**Член 249**

Универзитетот врши високообразовна дејност од трет циклус на студии.

Третиот циклус на студии се остварува согласно со закон, овој Статут и Правилникот на Универзитетот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии.

Периодот за студирање и истражување се смета за завршен со положување на испитите, објавување на резултатите од истражувањето и успешната одбрана на докторскиот труд/ докторската дисертација.

Докторските студии траат најмалку 3 (три) години и носат најмалку 180 ЕКТС кредити.

Универзитетот може да организира студии од трет циклус во траење помалку од три години со кои се стекнува звањето специјалист по одредено подрачје (spec.)

### *Студиска програма за докторски студии*

### Член 250

Студиската програма на докторските студии опфаќа активна истражувачка работа под менторство и вклучува:

- организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви,
- независен истражувачки проект под менторство,
- меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој,
- предавања и друг вид на комуникациски активности,
- објавување на најмалку 2 (два) труда во референтна научна публикација пред одбрана на докторскиот труд,
- активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд,
- изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторски проект.

### *Постапка за пријава, оценка и одбрана на докторски труд/ докторска дисертација,*

### Член 251

Пријавата на темата за изработка на докторската дисертација содржи:

- наслов на темата;
- тези и нивна разработка;
- предмет на истражување;
- методи на научни истражувања;
- цели на истражувањето;
- преглед на достигнувања на научната дисциплина кои се поврзани со тезите на истражувањата;
- структура на темата;
- очекуван научен придонес;
- примена на резултати од истражувањето и
- предлог на ментор.

**Член 252**

Советот за докторски студии на единицата на  Универзитетот формира комисија за оценка на подобноста на темата, тезите и кандидатот на пријавената докторска дисертација.

Комисијата е составена од 3 (три) члена во наставно - научно, односно научно звање од областа во која се пријавува темата за докторската дисертација.

Комисијата е должна во рок од 3 (три) месеци од денот на поднесувањето на пријавата да поднесе извештај до советот на докторските студии на единицата на  Универзитетот, со предлог за прифаќање или неприфаќање на темата за изработка на докторската дисертација.

Прифатената тема претставува работен наслов на докторската дисертација.

**Член 253**

Извештајот за подобноста на темата, тезите и кандидатот на докторската дисертација ги одобрува советот на докторските студии на единицата на  Универзитетот во рок од 1 (еден) месец од денот на поднесувањето на извештајот.

По усвојувањето на извештајот од комисијата за оценка на подобноста на темата, тезите и кандидатот, советот на докторските студии на единицата на Универзитетот подготвува предлог до наставно-научниот совет за определување на ментор.

По предлог на комисијата од став 2 на овој член, советот на докторските студии може да побара од студентот доработка на пријавата.

Кога комисијата негативно ќе ја оцени пријавата на темата, тезите и кандидатот на докторската дисертација или во постапката по барањето за доработка, советот на докторските студии на единицата на Универзитетот ќе донесе одлука за запирање на постапката за стекнување на научен степен доктор на науки и за тоа ќе го извести студентот. Во овој случај студентот има право да пријави само уште еднаш тема од истата наставно - научна област.

**Член 254**

Задачите на комисијата за оценка на тезите се следниве:

- да направи евалуација на кандидатот, темата и тезите на докторската дисертација;
- да ја оцени методологијата, целите, хипотезите, актуелноста на проблемот на истражување и
- да ја оцени структурата на темата.

***Докторска дисертација и нејзина изработка***

**Член 255**

Докторската дисертација е самостоен научен труд, кој е резултат на самостојна научна работа и претставува придонес во развојот на соодветната научна област.

Доколку од оправдани причини студентот не ја изработи докторската дисертација во определениот рок, наставно - научниот совет може да го продолжи рокот за завршувањето на докторската дисертација за уште 2 (две) години.

Како оправдани причини од претходниот став се сметаат: подолготрајна тешка болест,

бременост и породување, отсуство од земјава во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство, учество во научни и спортски експедиции и други оправдани причини.

**Член 256**

Комисијата за оценка на докторската дисертација се формира по доставениот завршен извештај и доставените 10 (десет) примероци од докторската дисертација до наставно - научниот совет за докторските студии на единицата.

Докторската дисертација ја оценува комисија составена од 5 (пет) члена и тоа: менторот, два члена од областа во која се изработува докторската дисертација од единицата на Универзитетот и два члена од сродна област во која се изработува дисертација од истиот Универзитетот или друг универзитет.

**Член 257**

Комисијата за оценка на докторската дисертација ја избира наставно - научниот совет по предлог на советот на докторски студии на ниво на единицата на Универзитетот и по предходно ислење на Советот на докторски студии на Универзитетот.

Комисијата за оценка на докторската дисертација треба да ја оцени дисертацијата од аспект на:

- научен придонес,
- апликативен придонес и
- начин на пишување и изнесување на материјата.

**Член 258**

Извештајот за оценка заедно со предлогот за усвојување се објавува во „ Универзитетски билтен “ пред да биде доставен до наставно-научниот совет на единицата. Наставно-научниот совет го усвојува извештајот во рок од 30 (триесет) дена од денот на објавувањето.

***Јавна одбрана на докторската дисертација***

**Член 259**

Одбраната на докторската дисертација се врши пред комисијата од 5 (пет) члена, којашто по правило е во истиот состав како и комисијата за оценка.

Одлуката за составот се носи на истата седница на којашто наставно-научниот совет се изјаснува за извештајот за оценка. Менторот не може да биде претседател на комисијата за одбрана на докторската дисертација.

Одбраната на докторската дисертација е јавна и се врши во просториите на единицата на Универзитетот, каде што е организирана студиската програма.

Претседателот на комисијата за одбрана на докторската дисертација ја отвора постапката за одбрана, ги изнесува општите податоци за студентот, резултатите од неговото студирање и неговиот труд.

По известувањето на претседателот на комисијата, студентот ја изложува содржината на докторскиот труд и ги објаснува заклучоците до кои дошол при изработката на докторскиот труд.

Членовите на комисијата поставуваат прашања и можат да бараат објаснувања во врска со трудот и одбраната.

Кога комисијата ќе утврди дека доволно се расправало за предметот на одбраната, претседателот на комисијата објавува дека одбраната е заклучена, а комисијата се повлекува на одлучување со гласање.

За одбраната на докторскиот труд се води записник.

***Резултат од одбраната***

**Член 260**

По завршувањето на одбраната на докторскиот труд, комисијата донесува одлука за одбраната која гласи: „кандидатот успешно ја одбрани докторската дисертација“ или „кандидатот не ја одбрани докторската дисертација“.

**Член 261**

Резултатите од докторската дисертација се изложуваат во вид на дисеминација на ниво на Универзитетот.

***Промоција на лица кои завршиле докторски студиски програми на трет циклус***

**Член 262**

По одбраната на докторската дисертација од страна на кандидатот, секретарот писмено го известува деканот на единицата на Универзитетот, менторот, членовите на комисијата за одбрана, проректорите и кандидатот, за денот на свеченото прогласување на кандидатот за доктор на науки.

**Член 263**

Дипломата за стекнат академски назив доктор на науки се доделува на јавно свечено прогласување на кандидатот за доктор на науки.

**Член 264**

Промоцијата на доктор на науки и врачувањето на дипломата за стекнат академски назив доктор на науки на кандидатот ја врши Ректорот на Универзитетот.

**Член 265**

На промоцијата на доктор на науки присуствуваат деканите, проректорите, менторот на кандидатот и членовите на комисијата за одбрана на докторската дисертација.

На промоцијата можат да присуствуваат и други лица.

**Член 266**

Деканот ја соопштува биографијата на кандидатот, неговата стручна, научна и општествена активност, ставот на комисијата за одбраната на докторската дисертација, како и датумот на одбраната.

Менторот, односно членот на комисијата за одбрана на докторската дисертација го соопштува називот и содржината на дисертацијата, како и научните резултати до кои дошол кандидатот во текот на работата на дисертацијата.

**Член 267**

Промоцијата на доктор на науки завршува со констатација на Ректорот на Универзитетот дека се исполнети условите за прогласување на кандидатот за доктор на одредена област на науки и со врачување на дипломата.

**Член 268**

Докторандот кој ја одбранил докторската дисертација се запишува во книга на доктори на науки, која ја води Универзитетот.

**Член 269**

До доделувањето на дипломата за доктор на науки, на кандидатот му се издава уверение за завршени докторски студии.

**Член 270**

За остварување на студиска програма од трет циклус на студии - докторски студии, на Универзитетот се организираат академски единици на две нивоа:

- Совет на докторски студии на ниво на Универзитет и
- Совет на докторски студии на ниво на единица на Универзитет

**Член 271**

Советот на докторски студии на Универзитетот ги има следниве надлежности:

- да ја координира работата на советот на докторски студии на ниво на единицата на Универзитетот;
- да дава мислење за студиските програми на третиот циклус;
- да го утврдува нацрт-конкурсот за запишување на студенти на докторските студии;
- да го утврдува предлог-бројот на студенти и износот на школарината за докторските студии и истиот го доставува до Ректорската управа на Универзитетот;
- да избира по 2 (два) члена на советите на докторските студии на единиците на Универзитетот по предлог на единиците на Универзитетот;
- да дава предлози за организирање на заеднички докторски (интердисциплинарни) студии на ниво на Универзитет;
- да дава мислење за составот на комисијата за оценка на докторските дисертации
- врши и други надлежности определени со Правилникот за условите,критериумите и правилата за трет циклус студии на Универзитетот.

**Член 272**

Советот на докторски студии на ниво на единица на Универзитетот ги има следниве надлежности:

- предлага на наставно-научниот совет студиска програма на трет циклус на студии – докторски студии;
- донесува одлука за состав на комисијата за подобност на кандидатот и темата;
- донесува одлука за подобноста на темата, тези и кандидат;
- дава предлог за ментор;
- го предлага износот на школарината за покривање на докторските студии;
- ги определува дополнителните услови за запишување на докторските студии;
- ги разгледува апликациите и одлучува за запишување на студентите;
- ги разгледува и дава мислење по предлозите за организирање на заеднички докторски студиски програми (универзитетски);
- дава предлог за состав на комисиите за оценка и одбрана на докторските дисертации;
- ги разгледува извештаите на менторот за напредокот на докторската дисертација;
- го разгледува извештајот за оценка на докторската дисертација и доставува предлог до наставно- научниот совет
- врши и други надлежнсти определени со Статутот на единицата на Универзитетот и Правилникот за условите,критериумите и правилата за трет циклус студии на Универзитетот.

***Стручен и научен назив***

**Член 273**

Стручните и научните називи се определуваат согласно со закон и со општиот акт на Националниот совет со кој се утврдуваат стручните и научните називи.

На Универзитетот се стекнуваат следниве видови степени и дипломи:

- диплома за стручни студии по завршување на студиска програма во траење од (три) години ,односно 180 ЕКТС кредити
- диплома за академски студии – по завршување на студиска програма во траење од 3 (три) години односно од 180 ЕКТС кредити. ;
- диплома за академски студии – по завршување на студиска програма во траење од 4 (четири) години односно од 240 ЕКТС кредити;
- диплома за специјалист од одредена струка,по завршување на студиската програма за специјалистички стручни студии во траење од 1(една)до 2(две) години ,односно 60 до 120 ЕКТС кредити;
- диплома за магистер специјалист по одредено подрачје –по завршување на трет циклус на студии во траење од 3(три)години;
- диплома за академски магистерски студии,по завршување на студиската програма во траење од 2(две)години,кои заедно со програмата на студиите од првиот циклус

траат најмалку 5(пет) години односно 300 ЕКТС кредит;

- диплома за научен назив доктор на науки –по завршување на студиската рпограма во траење до три години ,односно 180 ЕКТС.

Називот на степените и звањата ги одредува Сенатот со посебен акт, на начин на кој мора да бидат усогласени со меѓународната и професионална пракса.

### *Одземање на издадена диплома*
### *Услови за одземање на издадена диплома*
### Член 274

На студентот кој се стекнал со диплома, во согласност со закон и со актите на Универзитетот, може да му се одземе издадената диплома, односно стекнатиот стручен или научен назив:

- ако се утврди дека не ги исполнува условите за добивање статус на студент на соодветната високообразовна установа, односно ако лицето немало завршено средно образование или не ги исполнувало другите услови и критериуми за запишување утврдени со правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студиии на Универзитетот, конкурсот за запишување студенти на Универзитетот и другите општи акти на Универзитетот;
- ако се здобил со стручен или научен назив спротивно на условите и постапката за стекнување на стручен или научен назив утврдени со Статутот, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот, Правилникот за единствените основи за кредит - трансфер системот, преминот од една на друга студиска програма и преминот од една на друга високообразовна единица во составот на Универзитетот и на другите општи акти на Универзитетот и други акти на Универзитетот или единицата на Универзитетот што го регулираат режимот на студирање на трите циклуси на студии или
- ако сторил кривично дело поврзано со стекнувањето на дипломата.

### Член 275

Издадена диплома за завршен втор циклус на студии, односно трет циклус на студии - докторски студии, ќе се одземе и во случај кога ќе се утврди дека магистерскиот/специјалистичкиот труд, односно докторската дисертација не претставува самостоен научен труд или не претставува придонес за науката во времето на изработката.

### Член 276

Издадената диплома за завршен прв, втор и трет циклус на студии ќе се одземе и во случај на постоење правосилна судска пресуда за направено кривично дело поврзано со стекнувањето на дипломата.

### Член 277

Постапката за одземање диплома за завршен прв циклус на студии, втор циклус на студии и трет циклус на студии се води на Универзитетот.

**Член 278**

Решение за одземање диплома за завршен прв циклус на студии и втор циклус на студии донесува деканот на факултетот врз основа на предлог на посебна комисија составена најмалку од 3 (три) члена.

Решение за одземање диплома за завршени докторски студии, односно за стекнат докторат на науки, донесува Ректорската управа врз основа на предлог на посебна комисија составена од 5 (пет) члена.

**Член 279**

Конечната одлука за одземање диплома се објавува во Универзитетски билтен и во Службен весник на Република Македонија.

***Студиски програми***

**Член 280**

Студиите на Универзитетот се организираат според студиски програми што ги донесува Сенатот, а акредитацијата ја врши надлежен орган во Република Македонија согласно со закон.

Студиските програми се предлагаат од страна на наставно – научните совети на единиците на Универзитетот и органите на придружните членки.

Сенатот, по претходно стручно мислење на Ректорската управа, ги усвојува студиските програми.

Студиските програми се вреднуваат со кредити по ЕКТС. Секоја година на студиската програма содржи 60 кредити.

Секој предмет од студиската програма се вреднува со одреден број на ЕКТС кредити. Секој од наставните предмети на листата на изборни наставни предмети задолжително носи еднаков број на ЕКТС кредити

Студиските програми во сите студиски години на додипломските, постдипломските и докторските студии содржат задолжителни и изборни наставни предмети, освен студиските програми за регулираните професии, студиските програми за правните студии и студиските програми за основна обука на наставници во основното и средното образование.

Задолжителните наставни предмети во студиската програма треба да бидат од соодветната област на единицата на универзитетот, односно на внатрешната организациона единица (институт, катедра, оддел).

Изборните наставни предмети студентите ги избираат од листата на изборни наставни предмети на дадената студиска програма.

Изборните наставни предмети сочинуваат најмалку 10% а најмногу 30% од бројот на ЕКТС кредитите во студиската програма.

Студиските програми на Универзитетот, во делот на задолжителните и изборните наставни предмети можат да содржат и „прозорци за мобилност“, односно наставни предмети чии активности може да се изведуваат и на англиски јазик.

Кога Универзитетот изведува студиска програма за стекнување на заедничка диплома со странски универзитет, се применуваат прописите на високообразовната установа каде што се изведува студиската програма во поглед на соодносот на застапеноста на задолжителните и изборните предмети

### *Содржина на студиските програми*

**Член 281**

Студиската програма најмалку содржи:

1 назив на студиската програма на македонски и англиски јазик согласно Фраскатиевата класификација на научните подрачја, полиња и области. Ако студиската програма се реализира на друг јазик различен од македонскиот јазик, а кој го користат припадниците на заедниците во Република Македонија, називот на студиската програма е на тој јазик, македонски јазик и англиски јазик;

2 целите на студиската програма и резултатите од учење;

3 академски или стручен назив кој се стекнува со завршување на студиите;

4 степен или ниво според националната рамка за квалификации кој се стекнува со завршување на студиите;

5 наставници и соработници од соодветното научно и уметничко поле за изведување на предметните содржини за кои се избираат и квалификациите на наставниците и соработниците за изведување на предметните содржини;

6 оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС и доколку е предвидено, подготвителни курсеви;

7 услови за запишување на студиската програма посебно за: редовни, вонредни и странски студенти кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма, од државна матура или приемен испит со јасна недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување;

8 листа на задолжителни и изборни наставни предмети;

9 правила со кои се уредуваат модулите, задолжителните и изборните предмети и нивниот опис со:

- цел на предметот и резултати од учењето согласно Националната рамка на високообразовни квалификации;
- детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје
- оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити;
- детален опис на наставните и работните методи за предметот
- заемна поврзаност на предметите и
- неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот.

10 правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, дипломска работа и други активности кои се изведуваат писмено и кои опфаќаат најмалку содржина, големина, начин на пишување и други релевантни барања;

11 вредност во ЕКТС кредити на завршната работа на стручните и академските додипломски и постидпломски студии, односно на докторската дисертација на докторските академски студии;

12 начинот на оценувањето и опис на вреднувањето на постигнувањата на студентот;

13 можност за изведување на наставата на странски јазик;

14 можностите за избор на предмети од други акредитирани програми;
15 роковите за завршување на предвидените активности од студиската програма;
16 правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма;
17 содржина на додатокот на диплома кој се издава со завршување на студиската програма;
18 научни полиња за студиски програми од втор циклус на академски и стучни студии, за кои со завршување на соодветната студиска програма од прв циклус на студии се обезбедува соодветна проодност;
19 ментори на докторски или магистерски трудови за студиските програми од втор и трет циклус и
20 други прашања од значење за изведување на студиската програма.

Содржината на студиските програми подетално се регулира со Правилник за содржината на студиските програми кој го донесува Националниот совет за високо образование.

Студиската програма се акредитира, односно се реакредитира од Одборот за акредитација за период од пет студиски години.

***Студиска програма за заедничка диплома***

**Член 282**

Универзитетот, односно единиците на Универзитетот, може да реализираат студиска програма за стекнување на заедничка диплома, која програма ја прифаќа и изведува заедно со 1 (еден) или повеќе универзитети, односно самостојни високи стручни школи од Р. Македонија или од странство акредитирани во земјата во која е седиштето.

Заедничката диплома е јавна исправа во која задолжително се наведени универзитетите и нивните единици, односно самостојните високи стручни школи кои заеднички учествувале при изведувањето на студиската програма. Содржината и формата на заедничката диплома, како и прилозите кон дипломата ги определува Универзитетот, во согласност со закон.

***Доживотно учење***

**Член 283**

Универзитетот организира програми на доживотно учење, користејќи пред сè иновативни методи и инструменти за подучување и учење преку користење на нови технологии и слично, при што се користи просторот и опремата на Универзитетот.

**Член 284**

Доживотното учење ги има следниве цели:

- добивање сертификат за успешно завршување на специфични програми за обука (почетни и континуирани) или
- надополнување или освежување на компетенциите од одредена област, наменето за поранешни студенти.
- стекнување формална универзитетска диплома.

Програмите за доживотно учење, коишто имаат за цел стекнување на формална универзитетска диплома, не можат да бидат алтернатива на соодветните редовни универзитетски програми, со оглед на тоа што овие програми се наменети првенствено за повозрасни потенцијални студенти.

Системот за оценување на програмите за доживотно учење, исто така се засновани на ЕКТС кредити.

Претходното учење, формално и неформално, се признава од страна на Универзитетот и на овие студенти им се доделуваат соодветен број ЕКТС кредити, кои ќе им послужат или како основа за запишување на универзитетска програма (редовна или доживотна) или како елемент во рамките на овие програми.

Поблиски одредби за програмите за доживотно учење се уредуваат со акт на Универзитетскиот сенат.

***Програми за стручно и професионално усовршување***

**Член 285**

На Универзитетот и на единиците можат да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот за доживотно учење согласно со закон.

Форми за стручно, односно професионално усовршување можат да се организираат доколку се обезбедени просторни, кадровски и други услови потребни за нивна реализација.

Програмите од претходниот став можат да се организираат континуирано (за подолг временски период) или ад хок по потреба.

Програмите од став 1 на овој член се донесуваат од наставно – научниот совет на единицата, односно надлежно тело на Универзитетот утврдено со програмата за нивното организирање.

Право да ги посетуваат овие програми имаат студенти, лица со завршен прв, втор или трет циклус на студии и лица со завршено средно образование, доколку е тоа утврдено со соодветната програма.

Запишувањето се врши врз основа на конкурс.

Учесниците плаќаат надомест за посетување на програмите за стручно, односно професионално усовршување.

Висината на надоместот се утврдува со соодветната програма. Со програмата може да се предвиди проверка на знаењата на лицата што ги посетувале овие програми.

Проверката се оценува описно со „положил“, односно „не положил“. На лицата кои ги посетувале овие програми, Универзитетот им издава потврда, односно сертификат.

Сертификатот го потпишува ректорот, односно деканот согласно со став 1 на овој член.

Покрај програмите за стручно, односно професионално усовршување на Универзитетот и неговите единици, можат да се организираат и различни облици на неформално учење согласно со закон.

***Интердисциплинарно студирање***

**Член 286**

Сенатот може да усвои студиска програма која Универзитетот ја остварува со други универзитети или единици во состав на Универзитетот (Интердисциплинарна студиска програма).

Интердисциплинарните студии се организираат според кредит - трансфер системот и правилата за студирање како студии од прв, втор и трет циклус.

Студиите од претходниот став се организираат врз основа на одлука за организирање на интердисциплинарни студии што ја донесува Сенатот.

Одлуката ги содржи следниве елементи: оправданоста за организирање на студиите, студиските и предметните програми, правилата за студирање, бројот на студентите што се запишуваат, надлежноста на органите на студиите, кофинансирањето, статусот на наставно - научните работници и соработниците, вршењето на стручно - административните работи за студиите и други елементи од значење за организирањето на студиите.

Студентот кој успешно ќе ги заврши обврските од интердисциплинарната студиска програма добива една диплома и стручно звање согласно со студиската програма.

### *Индивидуално студирање*

### Член 287

Индивидуалното студирање е облик на студирање при што организираната педагошка работа (предавања, вежби, семинари и сл.) се заменува со индивидуални консултации.

Индивидуалното студирање се применува ако на распишаната програма на студии не се запишат повеќе од 5 (пет) кандидати.

### *Стручно образование пократко од три години*

### Член 288

На Универзитетот може да се организира стручно образование и обука и пократко од 3 (три) години.

За стекнатото стручно знаење и обука, Универзитетот односно единицата издава сертификат.

На лицето од став 1 на овој член, стекнатите стручни знаења и обука му се изразуваат во ЕКТС кредити и се признаваат како дел од високообразовна студиска програма.

Стекнатите ЕКТС кредити се забележуваат во сертификатот од став 2 на овој член.

Лицето кое се стекнало со стручно знаење и со кредити, согласно со став 3 на овој член, може да ги продолжи студиите според студиската програма соодветна на стекнатите кредити и евалуираното знаење под следните услови:

- претходно да има завршено соодветно средно стручно училиште во траење од 4 (четири) години.

- студиите да ги запише како редовен студент.

### *Објавување и менување на студиските програми*

### Член 289

Универзитетот јавно ги објавува студиските програми најдоцна до објавувањето на

конкурсот за запишување на студенти.

Студиските програми се менуваат по иста постапка по која се усвојуваат.

### *Обем и организација на студиите*

### Член 290

По исклучок, ако студиската програма содржи практично оспособување, вкупното оптоварување на студентот може да надмине 40 часа неделно и 45 недели годишно.

На Универзитетот студиите се организираат како вонредни, кога тоа го дозволуваат кадровските и просторните можности на единицата на Универзитетот која ја остваруваат програмата и ако природата на студиите дозволува дел од студиите да се остварува без лично присуство на студентот, а притоа да не се намали квалитетот на истите. Во таков случај организациониот дел треба да опфаќа најмалку 30% (триесет проценти) од студиската обврска на редовното студирање.

Единицата на Универзитетот која ја остварува програмата на студиите од став 3 на овој член е должна за вонредните студенти да ги организира формите на наставата (педагошката работа – предавања, консултации, вежби, колоквиуми и слично), согласно со важечката студиска програма.

### Член 291

На студентите, согласно со општ акт на Универзитетот или единицата, може да им се одобри одредени курсеви или студиската година да ја посетуваат и/или полагаат на друга единица на Универзитетот или на друг универзитет во земјава и во странство.

### *Проверка на знаењето*

### Член 292

Проверката на знаењето на студентот по наставните предмети, се врши континуирано во текот на наставно - образовниот процес и се изразува во поени.

За исполнување на обврските за полагање на испитот (по делови или во целина), студентот може да оствари најмногу 100 поени или да добие позитивна оценка која се изразува до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Испитот по еден наставен предмет, пред предметниот наставник, се полага најмногу 3 (три) пати.

Четвртиот пат по барање на студентот, испитот се изведува пред комисија, составена од 3 (три) члена од наставници од исто или сродно наставно - научно подрачје.

Комисијата ја формира деканот, а во негово отсуство продеканот на единицата.

Наставникот кај кого полагал студентот, не е член на комисијата од претходниот став на овој член.

Нумеричкиот, односно бројниот систем на оценување се споредува со системот на оценување според ЕКТС и тоа:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | = | > | A | A | = | > | 1<br>0 |
| 9 | = | > | B | B | = | > | 9 |
| 8 | = | > | C | C | = | > | 8 |
| 7 | = | > | D | D | = | > | 7 |
| 6 | = | > | E | E | = | > | 6 |
| 5 | = | > | F | F.FX | = | > | 5 |

За одредени предмети, доколку природата на компетенциите кои студентот треба да ги стекне го дозволува тоа, може да се предвиди и компјутерска проверка на знаењата во рамките на системот за објективна проверка на знаењата на Универзитетот.

Проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начините определени во студиската програма и во роковите утврдени со овој Статут.

Универзитетот, со правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии, го утврдува начинот на проверка на знаењата и полагањето на испитот.

Завршното оценување задолжително се запишува во индексот и во пријавата за завршно оценување.

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи го и завршниот испит.

За секоја проверка на знаењето, континуирано и завршно оценување, студентот поднесува пријава.

### *Испити и испитни рокови*

### Член 293

Испитите можат да бидат теоретски и практични, а се полагаат само писмено, само усно, или писмено и усно.

Студентот има право да ги полага предметите во рамките на: зимски, есенски и летен испитен рок. Испитните рокови траат најмалку 3 (три) недели.

Во рамките на предвидените испитни рокови, единиците на Универзитетот во зависност од кадровските и просторни можности можат да определат повеќе од 1 (еден) термин за полагање на секој испит.

Испитите можат да се организираат непосредно по завршувањето на наставата по одделните предмети, односно преку колоквиуми, ако истите се предвидени во наставната програма, а крајната оценка се утврдува на завршниот испит во редовна испитна сесија. Во крајната оценка можат да се вкалкулираат постигнувањата на студентот во текот на континуираното оценување.

Испитите, или некои други форми на проверка на стекнатите знаења, вештини и

способности, се полагаат од сите предмети што студентот ги запишал, според содржината утврдена во студиската програма.

На испит може да се јави оној студент кој ги има завршено сите обврски пропишани со студиската програма за соодветниот предмет.

Студентот кој нема да ги заврши обврските од одделен предмет утврден со студиската програма и планот за реализација на наставата, тој предмет не може да го пријави и истиот да го полага.

За секој студент се води испитна документација.

Испитите се јавни и резултатите од испитите се достапни на јавноста.

Право на увид во испитната документација имаат студент и лице кое може да докаже дека има правен интерес (родител/старател).

Кога студентот ќе пријави испит, но нема да излезе на испитот се смета дека не го искористил правото за полагање во испитната сесија.

### *Должност на наставникот*

### Член 294

Конечната оценка на испитот ја утврдува предметниот наставник.

Студентот мора да биде оценет најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена од денот кога се јавил на испит.

Наставникот е должен да му ја соопшти оценката на студентот, односно резултатите од усниот испит веднаш по одржувањето на испитот, а додека резултатите од спроведениот писмен, односно писмен дел на испитот, најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена од денот на одржаниот испит, со истакнување на резултатите на службената веб - страница, како и на друг соодветен начин.

Кога наставник ќе го оцени писмениот испит на студент со оценка 5 (пет) е должен да го запознае студентот со недостатоците на писмениот испит доколку тоа од него е побарано.

Наставниците на факултетот се должни да го оценат испитот на студентот со оценка 5 (пет) и тогаш кога студентот:

- ја напуштил просторијата во која се одржува писмениот, односно писмениот дел на испитот или кога ќе се откаже од веќе започнатиот устен испит и

- кога по одржаниот писмен, односно писмен дел на испитот не се јави на полагање на усниот дел на испитот.

### *Приговор заради оценка од проверка на знаењето*

### Член 295

Студент, во рок од 24 часа, може да поднесе приговор до деканот, односно директорот на единицата, ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката, или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со закон, актите на Универзитетот и статутот на единицата.

По поднесеното барање за преиспитување на оценката од завршното оценување се постапува и одлучува во постапка утврдена со овој Статут, Статутот на единицата на

Универзитетот и Правилникот за за условите,критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии.

**Член 296**

По барање, на студентот му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет во период од најмногу 4 (четири) месеци од полагањето.

Доколку студентот на повтореното завршно оценување добие пониска оценка, таа е конечна и студентот нема право да го повтори завршното оценување.

***Упис на повисока година на студии***

**Член 297**

Студентот стекнува право на упис во повисока година на студии кога ќе ги исполни сите студиски обврски изразени во ЕКТС кредити, предвидени со запишувањето во претходната студиска година.

Студентот може да ги запише само оние предмети за кои стекнал право според студиската програма и планот за реализација на наставата.

Програмата и планот на студиите може да се базира на запишување семестри.

***Повторување на годината, односно условно напредување***

**Член 298**

Студентот кој нема да ги исполни условите за запишување во повисока година може да го продолжи студирањето на тој начин што повторно ќе ги запише студиските обврски кои не успеал да ги исполни во претходната година на студии и да запише нови обврски, но во границите на бројот на кредити предвиден за еден семестар.

Со програмата и со Планот на студиите во кои наставата се изведува семестрално, можат да бидат пропишани исклучоци од став 1 на овој член со цел на студентот да му се даде можност да запише наредна година/семестар во услови кога има неисполнето само мал дел од своите обврски во претходната година/семестар.

## XIII. НАСТАВНО - НАУЧНИ, НАСТАВНО - СТРУЧНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА

***Наставно - научни, наставно - стручни и научни звања***

**Член 299**

Наставно - научните, научните и наставно - стручните звања се утврдени со Законот за високото образование.

На единиците на универзитетот, наставниот, односно научниот кадар може да биде избран во наставно - научни звања: доцент, вонреден професор и редовен професор и научни звања научен соработник, виш научен соработник и научен советник според услови и постапка утврдени со закон и со Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно- научни, наставно-стручни и сорботнички звања на Универзитетот.

На единицата на кои се изведува настава по јазик можат да се изберат лица и во наставно-стручни звања:лектор и виш лектор според услови и постапка утврдени со закон и со Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно- научни,наставно-стручни и сорботнички звања на Универзитетот.

Наставниците во наставно - научни, наставно – стручни, наставни и научни звања се избираат во наставно - научни, области утврдени со Класификацијата на научно - истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународната фраскатиева класификација).

### *Асистенти и стручни соработници*

### Член 300

Соработничко звање на единиците на Универзитетот е асистент.

На единиците каде што се изведува лабараториска и друг вид стручна настава, може да се избере стручен соработник (лаборант и слично).

Соработниците од ставот (1) на овој член се избираат за наставно - научна област утврдена со Класификацијата на научно - истражувачките подрачја, полиња и области (Меѓународната фраскатиева класификација).

Соработниците во наставно - образовниот процес на единиците на Универзитетот учествуваат во обем од минимум 480 часа на годишно ниво.

### *Демонстратори*

### Член 301

На единиците на Универзитетот, можат да се избираат демонстратори како помошници во наставно - образовниот процес на прв циклус на студии.

На секој наставен предмет, како помошници во наставно - образовниот процес на првиот циклус на студии каде што има соработници се избира по еден демонстратор, а на наставниот предмет каде што нема соработници може да се избираат и по двајца демонстратори.

Изборот на демонстратор се врши по претходно објавен интерен оглас на Универзитетот.

Демонстраторот му помага на предметниот наставник и на соработникот во наставно - образовниот процес на начин и во обем предвидени во студиската програма во која што спаѓа предметот, односно областа за која се избира демонстраторот.

Демонстраторот учествува во наставно - образовниот процес под непосредно раководство на предметниот наставник.

### *Услови и постапка според кои на лицето избрано во наставно - научно, наставно - стручно, научно и соработничко звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано*

### Член 302

На лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно и соработничко звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските кои произлегуваат од високообразовната дејност, ако ги попречува законските и статутарните активности на Универзитетот или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите на Универзитетот,

ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот и други дисциплински престапи.

**Член 303**

Иницијатива за предвремено престанување на изборот, односно престанување на работниот однос може да покрене деканот или орган на внатрешно - организациона единица на единицата на која ѝ припаѓа наставникот, односно соработникот.

**Член 304**

Иницијативата од претходниот член ја разгледува наставно - научниот совет на единицата.

Доколку наставно - научниот совет, ја прифати иницијативата, формира комисија составена од 3 (три) редовни професори, од кои двајца се од соодветната наставно - научна област во која е избран кандидатот, со задача да подготви реферат за лицето за кое се бара предвремено престанување на изборот.

Комисијата најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од нејзиното формирање до Наставно – научниот совет на единицата поднесува реферат, кој се објавува во Универзитетски билтен.

За натамошниот тек на постапката се применуваат одредбите од Законот за високото образование.

***Право на вршење дејност во друга високообразовна установа***

**Член 305**

Лице од една единица во состав на Универзитетот може да врши високообразовна дејност во друга, односно секоја единица на Универзитетот во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно – научна област.

Наставните и другите активности, правата и обврските од став 1 на овој член лицето избрано во звање ги изведува врз основа на негова согласност да врши високообразовна дејност на друга односно секоја единица на Универзитетот, согласност од деканот на единицита на Универзитетот на која е избрано лицето во звање,со која се деканот се согласува лицето да врши високообразовна дејност на друга единица на Универзитетот и согласност од деканот на единицата на Универзитетот на која лицето ќе ја врши високообразовната дејност.

**Член 306**

Лице од Универзитетот може да врши високообразовна дејност во друга единица на друг универзитет, односно самостојна висока стручна школа во звањето во кое е избрано на иста или на сродна наставно - научна област, со вкупна оптовареност од најмногу по 4 (четири) наставни предмети во еден семестар на прв, односно на втор циклус на студии.

Барањето за давање на согласност за вршење на високообразовна дејност на друга единица на друг универзитет, го поднесува наставникот заедно со одлуката, односно барањето на единицата од друг универзитет која ги искажала потребите за неговата работа и одлуката на единицата од која треба да биде ангажиран.

Наставните и други активности, правата и обврските од став 1 на овој член, наставникот ги

изведува врз основа на одлука на Сенатот на Универзитетот за давање на согласност по предходно мислење на наставно научниот совет на едницита на Универзитетот.

Сенатот при одлучувањето за давање согласноста, поаѓа од тоа дали со другиот универзитет е склучен договор за соработка, дали ангажирањето на наставникот ќе го наруши нормалното одржување на наставата на матичниот факултет и дали севкупното ангажирање на наставникот е во рамките на законот.

***Визитинг наставници***

**Член 307**

На Универзитетот, како гости, без распишување на конкурс, можат да се ангажираат наставници од акредитирани високообразовни установи, признати научници и истакнати уметници од земјава и од странство за извршување високообразовна и научноистражувачка дејност за одредено време.

Лицата од став 1 на овој член треба да имаат:

- објавено поголем број на научни и стручни трудови во меѓународни списанија;
- поголем број на соопштенија со научни и стручни трудови на меѓународни собири
- остварени резултати во развојот на соодветната наставно - научна област.

Визитинг наставникот не може да врши оценување на студентите.

Визитинг наставникот може да учествува во работата на стручните тела на единицата без право на одлучување.

Одлуката за ангажирање на лицата за вршење на дејноста од став 1 на овој член ја донесува Сенатот, по предлог на единицата, односно ректорот на Универзитетот.

**Член 308**

Универзитетот склучува договор со визитинг наставникот во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски.

***Обем и услови за изведување на настава од страна на афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници***

**Член 309**

Во наставно - образовниот процес на единиците на Универзитетот, можат да бидат вклучени афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници, без оглед на исполнетоста на условите за избор утврдени со закон, како специјалисти и експерти за изведување на одделни делови од наставен предмет.

Предлогот за ангажирање на афирмираните научници, стручњаците од практиката и уметниците, го дава единицата на Универзитетот.

Предлогот за ангажирање треба да содржи:

- биографија на научникот, стручњакот од практиката или уметникот;

- кратко образложение зашто се бара ангажирањето и кои се очекуваните резултати од таквото ангажирање за студентите;
- список на тематските единици од предметната програма на соодветниот предмет за кои се бара ангажирањето;
- учебната година и времето за кое ќе се ангажира.

По предлогот за ангажирање на научникот, стручњакот од практиката или уметникот, одлука донесува Сенатот на Универзитетот.

Лицата од став 1 на овој член треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да имаат завршено најмалку прв циклус универзитетски (академски) студии;
- да имаат потврдени резултати од областа во која се ангажираат да изведуваат настава и
- да достават програма за реализација на стручните аспекти за прашањата и проблемите од наставниот предмет.

Лицата од став 1 на овој член не можат да вршат оценување на студентите.

Лицата од став 1 на овој член наставата ќе ја изведуваат во координација и соработка со предметниот наставник најмногу една третина од семестарот.

Со лицата од став 1 на овој член, Универзитетот склучува договор со кои се уредуваат меѓусебните права и обврски.

Со договорот се утврдува: учебната година и семестарот во кои се ангажираат афирмираните наставници, стручњаци од практиката и уметници, тематските единици од предметната програма, бројот на часови за кои се ангажираат, надоместокот за ангажирањето и др.

### *Насловни звања*

### Член 310

Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници, кои ги исполнуваат условите за избор во звања, а за кои нема слободно место за избор во наставно - научно, односно научно звање, можат да се избираат во звањето насловен доцент и насловен вонреден професор на Универзитетот.

Поблиски одредби за видот и обемот на учеството во вршењето на високообразовната дејност на лицата избрани во насловни звања, утврдува наставно – научниот совет на единицата.

### *Почесен доктор на науки (doctor honoris causa)*

### Член 311

На истакнати научни, културни, деловни и други лица од државата и од странство, кои со своите дела дале посебен придонес за развојот на научната мисла, културата, или на друг начин придонесле за равојот на високото образование и науката, по предлог на Универзитетот

или единица во состав на Универзитетот, Универзитетот може да им додели титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на Универзитетот.

**Член 312**

Предлог за доделување титула почесен доктор на науки дава наставно - научниот совет на единицата во состав на Универзитетот.

Предлогот за доделување на титулата почесен доктор на науки се доставува до Ректорската управа.

Ако Ректорската управа позитивно го оцени предлогот, истиот се доставува до Сенатот.

Доколку Сенатот го усвои предлогот, формира рецензентска комисија која поднесува извештај. Извештајот на рецензентската комисија се објавува во Универзитетски билтен.

Секој има право да поднесе приговор на извештајот на рецензентската комисија во рок од 15 дена од денот на објавување во Универзитетски билтен.

Рецензентската комисија дава одговор на приговорот. Приговорот и одговорот се објавуваат во Универзитетски билтен.

Врз основа на извештајот на рецензентската комисија, а имајќи го предвид и евентуалниот приговор и одговор, Сенатот донесува одлука за доделување на титулата почесен доктор на науки.

Одлуката на Сенатот е конечна.

**Член 313**

Промовирањето почесен доктор на науки се врши јавно и на свечен начин и со него претседава ректорот.

На промовираниот почесен доктор на науки, ректорот му врачува диплома.

Дипломата за почесен доктор на науки ја потпишуваат ректорот на Универзитетот и деканот на единицата.

**Член 314**

Стручната служба на Универзитетот води книга на евиденција за почесни доктори на науки на Универзитетот.

***Почесен професор (profesor honoris causa)***

**Член 315**

На истакнат професор од универзитет во државата или странство, којшто дал посебен придонес за развојот на високообразовната дејност, по предлог на Универзитетот или единица во состав на Универзитетот, Универзитетот може да му додели звање почесен професор (Profesor honoris causa) ако:

- со својата наставно - образовна, научно - истражувачка и апликативно - стручна дејност има потврдена меѓународна афирмација и углед;
- дал придонес во создавањето наставно - научни кадри на Универзитетот;

- учествувал во наставата на прв и на втор циклус на универзитетски студии и бил ментор во изработката на магистерски и докторски дисертации на Универзитетот;

- учествувал во заеднички научно - истражувачки проекти на Универзитетот или единиците на Универзитетот;

- придонел за воспоставување и развивање на меѓународната соработка на Универзитетот во странство, со вклучување на наставно - научни работници на единица на Универзитетот во изработка на научни проекти, учество на научни собири, членство во научни и образовни институции и асоцијации и слично;

- придонел во создавањето и јакнењето на материјалните и финансиските претпоставки за забрзан развој на високообразовната, научно - истражувачката, наставно - образовната, уметничката и апликативната дејност.

**Член 315**

Одредбите од овој Статут кои се однесуваат за постапката, промовирањето, книгата за евиденција и диплома за доделување титула - почесен доктор на науки, соодветно се применуваат и за доделување на звањето - почесен професор.

***Професор емеритус***

**Член 316**

Звањето професор емеритус може да му се додели на редовен професор во пензија, кој работниот век го завршил на Универзитетот, односно на единица на Универзитетот, под следниве услови:

- во текот на својот работен век особено се истакнал со својата научна, односно уметничка работа;

- постигнал резултати во обезбедување на наставно - научниот и соработнички подмладок и

- со својата наставно - научна работа и со вкупните активности дал значаен придонес во развојот и афирмацијата на единицата каде што бил вработен и на Универзитетот во целина.

Вкупниот број на професори емеритус не може да биде повеќе од 5 % (пет проценти) од вкупниот број на наставниците на Универзитетот.

Професор емеритус има право:

- да учествува во изведувањето на сите форми на настава на универзитетските студии од втор и трет циклус во областа во која е избран;

- да биде член на комисии во постапката за изработка и одбрана на завршен труд на втор циклус на студии и докторски дисертации и

- да извршува и други работи на единицата и на Универзитетот во согласност со закон, овој Статут и другите акти на Универзитетот и единицата.

Правата и обврските на професор емеритус врз основа на извршените работи, се уредуваат со договор склучен помеѓу Универзитетот и професор емеритус.

**Член 317**

Ректорот на Универзитетот на посебна свеченост го прогласува редовниот професор во пензија за професор емеритус и му доделува повелба која го содржи текстот на одлуката и образложение.

**Член 318**

Одредбите од овој Статут кои се однесуваат на постапката и книгата за евиденција за доделување на титулата - почесен доктор на науки, соодветно се применуваат и за доделување на звањето - професор емеритус.

***Услови за користење на правото на платено и неплатено отсуство и продлабочување на усовршувањето***

**Член 319**

На лице избрано во наставно - научно, научно и соработничко звање, на секои 5 (пет)години, Универзитетот може да му одобри платено отсуство во траење до 1 (една) година, односно неплатено отсуство во траење до 3 (три) години заради стручно, односно научно усовршување во соодветната научна, односно уметничка област или за престој на високообразовна, научна или уметничка установа.

Отсуството од став 1 на овој член може да се одобри под следниве услови:

- наставникот, односно соработникот отсуството да го користи за научно, односно стручно усовршување и за развој на областа во која е избран;
- за наставникот, односно соработникот да е обезбедена соодветна замена;
- со отсуството на наставникот, односно соработникот да не се нарушува процесот на образовна дејност на единицата и Универзитетот во целина и
- во други оправдани случаи за кои ќе оцени Ректорската управа по предлог на единицата и по писмено барање на наставникот, односно соработникот.

**Член 320**

За време на користењето на платеното отсуство, наставниците, односно соработниците добиваат плата, односно надоместок во висина на средствата определени со Буџетот на Република Македонија.

**Член 321**

По завршување на платеното отсуството, наставникот, односно соработникот е должен да остане на работа на Универзитетот, двојно подолго време од времето што го користел за отсуството.

**Член 322**

Во случај на неплатено отсуство му мируваат правата и обврските од работниот однос и правата и обврските од звањето.

**Член 323**

Постапката за користење на правата од овој член поблиску се утврдува со општ акт на универзитетот.

***Услови под кои редовен професор во пензија може да изведува студии од трет циклус или да работи на научно - истражувачки проект***

**Член 324**

Редовен професор во пензија може да изведува студии на трет циклус или да работи на научно - истражувачки проект по покана на деканот на единицата на Универзитетот, под следниве услови:

- предметот на кој бил избран да е застапен во студиската програма на третиот циклус на студии;
- да не постои наставник во работен однос по тој предмет и
- да е раководител или член на работниот тим за изработка на научно - истражувачки проект.

Одлука за ангажирање на редовен професор во пензија за негово вклучување во изведување на наставата на трет циклус на студии донесува Универзитетскиот сенат по предлог на наставно - научниот совет на кампус.

Одлука за ангажирање на редовен професор во пензија за учество во научно - истражувачки проект донесува наставно – научниот совет на единицата на универзитетот.

**Член 325**

Со редовниот професор во пензија, универзитетот склучува договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски.

## XIV. НАУЧНА И СТРУЧНА РАБОТА

***Научно - истражувачка, стручно –уметничка и применувачка, односно апликативна дејност***

**Член 326**

На Универзитетот се организира научно – истражувачка,стручно уметничка и апликативна дејност во согласност со основната мисија на Универзитетот, коишто ги обезбедуваат целокупноста и потребниот стандард и квалитет на образовниот и истражувачки процес, во согласност со закон и овој Статут.

**Член 327**

Универзитетот врши научно – истражувачка,стручно-уметничка и применувачка, односно апликативна работа , со цел развивање на науката и творештвото, унапредување на дејноста на високото образование, односно унапредување на квалитетот на наставата и усовршување на кадарот, воведување на студентите во научноистражувачката работа, како и создавање на материјални услови за работа и развој.

**Член 328**

Научно – истражувачката и применувачката, односно апликативната дејност се остварува на Универзитетот и на единиците на Универзитетот.

Научно - истражувачката и применувачката, односно апликативната дејност може да се остварува и во соработка со придружните членки на Универзитетот, во согласност со овој Статут.

**Член 329**

Слободата на научното, уметничкото и стручното истражување и творештво, како и меѓусебната соработка и здружување, е академска слобода која согласно со закон и со Уставот на Република Македонија им припаѓа на сите членови на академската заедница.

Научната, уметничката и стручната истражувачка дејност е темелно право и обврска на вработените на Универзитетот и неговите членови избрани во наставно - научни, научни и соработнички звања утврдени со овој Статут и другите акти на Универзитетот.

Истражувачката работа на вработените од став 2 на овој член се остварува преку:

- преземање на договорни обврски и работи на истражувачки програми, проекти, анализи, експертизи, апликативна дејност и
- индивидуално истражување и творештво.

**Член 330**

Универзитетот ја поддржува постојаната и професионална (истражувачка,уметничка и стручна) дејност и јавно ги претставува и објавува резултатите од таквата дејност.

Правата од интелектуалната сопственост создадена при вршењето на научната, истражувачката и стручната дејност се остваруваат согласно со закон, овој Статут и другите акти на Универзитетот.

***Предлагање на програми, анализи и експертизи***

**Член 331**

Единиците на Универзитетот или група вработени предлагаат и договараат научни

програми и проекти, како и анализи и експертизи (проекти) со писмена согласност од ректорот или одобрение од наставно - научниот совет.

Приходите стекнати од вршење на различни професионални услуги, како експертизи, анализи, советувања, мониторинг, клинички услуги, информатички услуги и слично, а кои се финансирани од заинтересираните страни се сопствени приходи на Универзитетот.

Универзитетот врз основа на ангажманот на истражувачите и другиот персонал, дел од овие приходи ги употребува за наградување согласно со закон и Правилникот за формите на стекнување и распределба на приход на Универзитетот од научно - истражувачка, стручно - уметничка и апликативна дејност.

***Договарање и реализација на програми, проекти, анализи и експертизи***

**Член 332**

Договорот за изведување на проект го потпишува, покрај предлагачот, односно раководителот на проектот и носителот на активностите и ректорот.

Организациската, административната, техничката или другите видови помош на изведувачите на проектот, во зависност од видот на активноста, ги обезбедува Универзитетот или негова единица, односно договорниот нарачател во согласност со одредбите од договорот.

***Меѓународна соработка***

**Член 333**

Универзитетот остварува меѓународна соработка.

Меѓународната соработка опфаќа: учество во меѓународни проекти; остварување на соработка со универзитети, национални и други академии, бизнис заедницата, јавни и приватни институти и центри, меѓународни организации и со други субјекти заради унапредување на високообразовната, научноистражувачката, применувачката, односно апликативната дејност; размена на научни и стручни публикации, научни информации; учество во научни средби, симпозиуми, конференции; организирање на меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование; организирање на зимски/летни универзитети; организирање на студии надвор од државата; мобилност на студенти и на наставници; учество во меѓународни програми, асоцијации и сл., како и изведување други високообразовни научни и применувачки, односно апликативни активности.

**Член 334**

Меѓународната соработка се остварува врз основа на програма што ја донесува Сенатот.

Програмата содржи: цели на меѓународната соработка, видови на соработка (мобилност на студенти и на наставници, размена на искуства и знаења, техничко - технолошки развој, стручно усовршување, организирани студии надвор од државата и слично), учесници, финансиска конструкција за реализација и други елементи од значење за остварување на соработката.

**Член 335**

Предлози за остварување на меѓународната соработка доставуваат и единиците на Универзитетот.

Меѓународната соработка Универзитетот може да ја остварува и преку единиците во својот состав.

**Член 336**

За меѓународната соработка и за вклучувањето на Универзитетот во меѓународната универзитетска мрежа, Универзитетот, со други универзитети, склучува посебни билатерални и мултилатерални договори, спогодби, договори и меморандуми за разбирање во кои подетално се определуваат формите и начините на меѓународната соработка.

***Издавачка дејност***

**Член 337**

Издавачката дејност на Универзитетот се остварува преку годишни издавачки планови, што на предлог на Ректорската управа, ги донесува Сенатот на Универзитетот.

Издавачката дејност се остварува преку издавање на учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, гласила на Универзитетот и друга прирачна литература, како и преку издавање на соодветни обрасци за потребите на Универзитетот.

Рецензиите од претходниот став на овој член задолжително се објавуваат во „Универзитетски билтен“.

**Член 338**

Издавачката дејност на Универзитетот поблиску се уредува со Правилник за организирање на издавачката дејност на Универзитетот што го донесува Сенатот.

## XV. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И НА ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

***Самоевалуација***

**Член 339**

За процена на квалитетот на академскиот кадар, студиските програми и постигнувањата во научно - истражувачката дејност на Универзитетот и единиците на Универзитетот се спроведува систем на самоевалуација.

**Член 340**

Самоевалуацијата на Универзитетот ја спроведува комисија за самоевалуација на Универзитетот, составена од 9 (девет) членови.

Членовите на комисијата за самоевалуација на Универзитетот ги избира Сенатот на Универзитетот со тајно гласање, и тоа, 6 (шест) членови од редот на наставниците и 3 (три) членови од редот на студентите, кои не се членови на Сенатот.

Самоевалуацијата на единицата на Универзитетот ја врши комисија за самоевалуација на

единицата на Универзитетот составена од 5 (пет) члена.

Членовите на комисијата за самоевалуација на единицата на Универзитетот ги избира наставно – научниот совет со тајно гласање, и тоа 3 (три) членови од редот на наставниците и 2 (два) членови од редот на претставниците на студентите.

Мандатот на членовите на комисијата за самоевалуација од редот на наставниците трае 4 (четири) години, а мандатот на претставниците на студентите трае 1 (една) година.

При изборот на членовите на комисијата се обезбедува соодветна застапеност на сите наставно - научни области на Универзитетот.

**Член 338**

Комисиите за самоевалуација можат да формираат посебни стручни тимови за согледување на прашањата кои се предмет на оценка за одделни наставно - научни области.

Комисиите самоевалуацијата ја вршат според Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација што го донесува Националниот совет.

**Член 339**

Самоевалуацијата на Универзитетот и на единицата на Универзитетот се врши на начин и според условите утврдени со овој Статут и со Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот и на единиците на Универзитетот, што го донесува Сенатот.

Упатството содржи принципи и основи за вршење на самоевалуација, сегменти на самоевалуација, постапка на самоевалуација, насоки и содржина за подготвување на извештаите за самоевалуација и други прашања кои се поврзани со квалитетот на високото образование.

**Член 340**

Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу 3 (три) години.

Во постапката за самоевалуација се зема предвид и оценката од страна на студентите.

Оценката од страна на студентите се добива на крајот од секоја академска година и истата се зема предвид при напредувањето на наставникот во наставно - научното звање.

Оценката се добива по пат на анкета на студентите што ја спроведуваат единиците на Универзитетот на начин утврден со Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот и на единиците на Универзитетот.

**Член 341**

Комисијата за самоевалуација на Универзитетот и комисијата за евалуација на единицата на Универзитетот подготвуваат евалуационен извештај со оценка на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на наставно - образовниот и научниот процес, кој се доставува до Сенатот и се објавува на веб страницата на универзитетот и на веб страницата на секоја единица на универзитетот одделно.

### *Самоевалуација на студиски програми*

**Член 342**

На единиците на Универзитетот може да се формираат комисии заради спроведување самоевалуација на ниво на студиска програма.

Мандатот на членовите на оваа комисија трае 3 (три) години, а мандатот на студентите 1 (една) година, без право на повторен избор.

Наставно - научниот совет, со тајно гласање ги избира членовите на комисијата за самоевалуација на студиските програми, по предлог на наставниците и студентите од соодветната студиска програма.

**Член 343**

Со комисијата за самоевалуација на студиска програма, раководи претседател избран од составот на комисијата од редот на наставниците.

**Член 344**

Комисијата за самоевалуација на студиска програма, ги оценува и дава оцена за соодветната студиска програма за:

- реализацијата на студиската програма;
- степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиската програма;
- резултатите од полагањето според структурата на студиската програма (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични, лабораториски и сл.);
- бројот и структурата на студентите;
- времетраењето на студиската програма и проодноста по учебни години;
- успехот на студентите според начинот на нивното финансирање (студенти финансирани од државата и студенти со поднесување надоместоци/школарини за студирање), според регионалната припадност, националната припадност и сл.;
- влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читалници и сл.) врз ефикасноста во студирањето;
- влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;
- друго согласно закон, подзаконски и други општи акти.

Комисијата за самоевалуација на студиската програма изготвува извештај за резултатите од евалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на студиите на соодветната студиска програма.

**Член 345**

Комисијата за самоевалуација на ниво на единица, врз основа на сопствените истражувања и извештаите на комисиите за евалуација на студиските програми, изготвува извештај за резултатите од евалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на единицата.

Комисијата за самоевалуација на студиска програма го доставува извештајот до комисијата за евалуација на единицата и до катедрата на која се реализира студиската програма. Комисијата за евалуација на единицата го доставува извештајот до наставно - научниот совет, односно уметничкиот совет на единицата и до комисијата за самоевалуација на Универзитетот.

## XVI. СТУДЕНТИ, СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО

## УПРАВУВАЊЕТО

### *Постапка за запишување на прв циклус на студии*

**Член 346**

Конкурсот за упис на студенти се објавува најмалку во еден дневен весник што излегува во Република Македонија и на интернет - страницата на Универзитетот.

Конкурсот за запишување на студии содржи:

- име на Универзитетот и негова адреса,
- назив на студиската програма,
- место на изведување на студиската програма,
- времетраење на студиите,
- услови за запишување,
- предвиден број на слободни места за запишување,
- постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите,
- висината на партиципацијата или школарината, доколку студентот е должен да ги плати.

Пријавата со потребната документација наведена во конкурсот се доставува до Универзитетот - единицата на Универзитетот - во согласност со јавниот конкурс.

**Член 347**

За реализација на конкурсот за запишување на прв циклус на студии на Универзитетот се формираат конкурсни комисии за секоја единица.

**Член 348**

Реализацијата на конкурсот ја следи Универзитетска конкурсна комисија, која се грижи за почитување на одредбите од конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување, одлучува по приговорите на кандидатите поднесени на прелиминарната ранг - листа и донесува решение за прием.

**Член 349**

Рангирањето на кандидатите го врши Универзитетската конкурсна комисија.

**Член 350**

Конкурсните комисии на единиците на огласната табла и на веб - страницата на Универзитетот ги објавуваат поените од средното образование (среден успех).

Кандидатот има право на приговор до Универзитетската конкурсна комисија во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати.

**Член 351**

Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите и се упатува до Универзитетската конкурсна комисија.

Решението на Универзитетската конкурсна комисија е конечно.

Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на Универзитетот.

**Член 352**

По истекот на роковите за поднесување на приговори и за нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија објавува решение за прием на студенти за секоја единица на Универзитетот одделно (конечна ранг - листа), врз основа на која се врши запишување на студенти.

**Член 353**

На студиските програми на кои по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места, се врши запишување во втор и трет уписен рок.

**Член 354**

Доколку во првиот и вториот уписен рок, при рангирањето, на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени, предност имаат кандидати добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма. Видот и соодветноста на наградите ги утврдува единицата носител на студиската програма.

***Запишување вонредни студенти***

**Член 355**

Како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

Како оправдани причини од претходниот став се сметаат: лице во работен однос, лице кое има склучено договор за професионален спортски или културен ангажман, инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата, потешка долготрајна болест која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар и родител на дете додека трае породилното отсуство.

Како потврда на горенедаведените причини, кандидатот поднесува Изјава за исполнување на условот за вонредно студирање.

**Член 356**

Вонредни студенти се запишуваат според истите услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг - листа.

***Запишување на студенти со кофинансирање***

**Член 357**

На Универзитетот, како редовни студенти на одделните студиски програми, се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата. Запишувањето на

оваа категорија студенти се врши со претходно поднесена изјава од страна на кандидатите дека се согласуваат во текот на целото студирање да ги кофинансираат студиите.

**Член 358**

Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува Универзитетската конкурсна комисија врз основа на ранг - листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија.

**Член 359**

Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со единицата за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно - образовниот процес.

***Странски државјани***

**Член 360**

Странските државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во Конкурсот.

**Член 361**

При пријавувањето, кандидатите странски државјани поднесуваат нострификација на средно образование од Министерството надлежно за високото образование или копија од потврдата издадена од Министерството за образование и наука за започнување на постапката за нострификација, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, уверение за здравствената состојба издадено од соодветна здравствена станица и сертификат за познавање на англиски јазик  и друга дополнителна  документација која е предвидена со конкурсот за упис на студенти на прв циклус на студии..

Кандидатите во пријавата наведуваат на кој факултет ,односно студиска програма сакаат да студираат и  дали се стипендисти на својата влада или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето.

***Постапка за запишување на втор циклус на студии***

**Член 362**

На студиските програми од втор циклус на студии може да се запише лице кое завршило соодветна студиска програма од прв циклус или сродни прв циклус на студии според предходните студиски програми и планови и кандидати кои имаат завршено соодветни или сродни пров циклус на студии според ЕКТС.

Универзитетот и неговите единици утврдуваат кои студии се соодветни за запишување на одделните студиски програми од втор циклус, како и условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми.

**Член 363**

Постапката за запишување на кандидатите на втор циклус на универзитетски (академски) и стручни студии ја спроведува конкурсна комисија.

Рангирањето на кандидатите го врши конкурсната комисија на секоја од единиците на

Универзитетот.

Членовите на конкурсната комисија ги именува наставно - научниот совет на единицата со посебна одлука.

Со одлуката од став 3 на овој член се утврдува бројот и составот на конкурсната комисија, како и други прашања од значење за нејзината работа, во согласност со овој Статут.

**Член 364**

Ранг - листата се објавува на огласната табла на единицата, како и на веб - страницата на Универзитетот и на единицата.

Кандидатот кој смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор до конкурсната комисија во рок од 24 часа од денот на објавувањето на резултатите.

Одлуката по приговорот од став 2 на овој член мора да се донесе во рок од 24 часа од поднесувањето на приговорот. Одлуката му се соопштува на подносителот на приговорот со истакнување на огласната табла, а воедно се објавува на веб - страницата на Универзитетот и на единицата.

Комисијата за запишување на студентите на единицата е должна до наставно - научниот совет да достави конечен извештај за резултатите за запишување на студентите на студиските програми на втор циклус.

Одлуките за запишување на кандидатите на втор циклус на студии, го носи Наставно – научниот совет на единицата.

**Член 365**

Кандидатот го остварил правото на запишување доколку се наоѓа на ранг - листата до бројот што е предвиден со конкурсот за запишување.

Кандидатот којшто го остварил правото на запишување, а во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето го губи правото и наместо него правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг - листата.

**Член 366**

Странски државјани и лица без македонско државјанство имаат право на запишување на студии на втор циклус под еднакви услови како и македонските државјани.

**Член 367**

Студентот со Универзитетот склучува договор за студирање, со кој поблиску се утврдуваат нивните меѓусебни права и обврски.

***Постапка за запишување на трет циклус - докторски студии***

**Член 368**

Запишувањето на трет циклус - докторски студии се врши врз основа на конкурс којшто го објавува Универзитетот.

Конкурсот содржи: број на студенти кои можат да се запишат, услови за запишување, назив на студиската програма, рок за пријавување и запишување, трошоци за студирање и др.

**Член 369**

Правото на пријавување на конкурсот го имаат кандидатите кои стекнале диплома за завршени студии од втор циклус на академски студии од соодветната научна област.

Кандидатите за запишување мораат да имаат активно знаење на еден од светските јазици.

**Член 370**

Кандидатите за запишување се должни заедно со пријавата да ја поднесат и потребната документација која е предвидена со конкурсот.

**Член 371**

Во случај, ако бројот на кандидатите е поголем од бројот определен со конкурсот, изборот на кандидатите кои стекнале право на запишување се врши врз основа на успехот постигнат на вториот циклус на студии и врз основа на траењето на студии на втор циклус, по спроведување на постапката за рангирање.

**Член 372**

Постапката за рангирање ја спроведува Универзитетска конкурсна комисија за запишување на трет циклус на студии.

Членовите на комисијата ги избира Ректорската управа од редот на наставно - научните работници, по предлог на Советот на докторски студии на единицата на Универзитетот.

**Член 373**

Резултатите од постапката за рангирање се објавуваат на огласната табла на единицата и на веб - страницата на Универзитетот и единицата.

Кандидатот кој смета дека постапката за рангирање не е правилно спроведена, има право на приговор до конкурсната комисија во рок од 24 часа од денот на објавувањето на ранг - листата.

Одлуката по приговорот од став 2 на овој член мора да се донесе во рок од 24 часа од поднесувањето на приговорот. Одлуката му се соопштува на подносителот на приговорот со истакнување на огласната табла, а се објавува и на веб - страницата на Универзитетот и на единицата.

**Член 374**

Комисијата е должна да достави конечен извештај од резултатите за запишувањето на студентите до Наставно – научниот совет на докторски студии на единицата на Универзитетот.

Одлуките за запишување на кандидатите на трет циклус - докторски студии ги носи Наставно – научниот совет на докторски студии на единицата на Универзитетот.

**Член 375**

Кандидатите го остваруваат правото на запишување доколку се наоѓаат на ранг - листата до бројот што е предвиден за запишување.

Кандидатот којшто го остварил правото на запишување, а во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето, го губи правото и наместо него, правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг - листата.

**Член 376**

Студентите кои стекнале право на запишување, со Универзитетот склучуваат договор за студирање, со кој поблиску се уредуваат нивните права и обврски, висината на школарината и др.

**Член 377**

Странските државјани имаат право на запишување на трет циклус - докторски студии под еднакви услови како и државјаните на Република Македонија.

***Посебни погодности на студентите кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните***

**Член 378**

Студентите имаат права и обврски утврдени со закон, овој Статут и со актите на Универзитетот.

Студентите од трите циклуси на високото образование, кои се: без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализираните, имаат право на полагање на испити во дополнителни испитни рокови, најмалку двапати во текот на годината.

***Статусот на студентите***

**Член 379**

Студентите чие образование го финансира државата, го задржуваат статусот (студент чие образование го финансира државата) најдолго за времето кое е за два пати подолго од пропишаното времетраење на студиите, односно до крајот на академската година во која тој рок истекува.Со истекот на тој рок студентот ги продолжува студиите со поднесување на барање за студирање на нова студиска програма.

Во времето од став 1 на овој член не се смета времето на мирување на студентските обврски.

***Престанок на статусот на студент***

**Член 380**

На студентот му престанува статусот на студент на Универзитетот:

- на прв циклус на студии со полагање на сите испити предвидени со студиската програма и одбрана на дипломски труд/завршен испит;
- на втор циклус на студии со полагање на сите испити предвидени со студиската програма и одбрана на магистерски/специјалистички труд;
- на трет циклус на студии со полагање на сите испити предвидени со студиската програма и одбрана на докторски труд.

- доколку не ги заврши студиите најдолго за времето кое е за два пати подолго од пропишаното времетраење на студиите, односно до крајот на академската година во која тој рок истекува и не поднесе барање за студирање на нова студиска програма;
- доколку поднесе барање за испишување со стекнување на исписница и уверение за положени испити;
- доколку му биде изречена дисциплинска мерка исклучување.

***Обновување на статусот на студент***
**Член 381**

Постапката за обновување на статусот на студент, започнува со поднесување на барање од страна на студентот до единицата на Универзитетот на која студирал.

Обновувањето на статусот на студент, условите и постапката за обновување на статусот на студент се уредува и спроведува согласно со овој Статут,Статутот на единицата на Универзитетот и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии.

***Мирување на обврските на студентот***
**Член 382**

На студентот, по негово барање, му мируваат обврските:

- за време на бременост,
- со дете до 1 (една) година старост,
- за време на болест подолга од 1 (еден) семестар,
- поради семејни причини;
- за време на меѓународна размена на студентите во траење подолго од 30 ден во текот на одржување на наставата, доколку со наведената размена не се стекнуваат ЕКТС кредити,
- за време на упатување на стручна пракса во траење од најмалку 6 (шест) месеци;
- за време на подготовка и настапи на спортски настани кога има статус на член на репрезентацијата на државата;
- неможност за исполнување на финансиските обврски;
- во други случаи за чија оправданост одлучува деканот.

Мирувањето на обврските од ставот 1 на овој член го одобрува деканот или, по негово овластување, продеканот за настава врз основа на писмено барање на студентот и доставена соодветна документација.

Доколку за време на мирувањето на обврските настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските што претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

За времетраењето на мирувањето на обврските студентот не се задолжува со финансиски обврски доколку ги има измирено заостанатите финансиски обврски.

***Студентски календар и календар за настава и одржување на испитите***
**Член 383**

Одржувањето на испитите на Универзитетот се одредува со Студентскиот календар на Универзитетот.

Студентскиот календар покрај испитите, содржи рамковни одредби за почетокот и крајот на наставната година, термините за одржување на наставата, како и државните и универзитетски празници.

Врз основа на студентскиот календар, за наредната академска година, наставно - научниот совет на единицата го донесува календарот за наставата и одржувањето на испитите.

При утврдувањето на предлогот за одржувањето на испитите од единиците, треба да се внимава испитите да не се поклопуваат со предавањата, вежбите и семинарите.

Распоредот за одржувањето на испитите од страна на единиците се утврдува на тој начин што бројот на испитните термини за секој предмет во секој испитен рок, треба да ги опфати сите студенти кои имаат право на полагање на тој предмет.

Студентскиот календар за наредната година го донесува Универзитетскиот сенат, 3 (три) месеци пред завршувањето на тековната учебна година.

Студентскиот календар се објавува на веб - страницата на Универзитетот и единиците и е составен дел на планот за реализација на наставата.

***Побрзо напредување на студентите***

**Член 384**

На студентот кој во студирањето покажува натпросечни студиски резултати, просечна оценка во студирањето е најмалку 9 (девет), му се овозможува побрзо напредување, ако со оглед на студиската програма тоа е можно.

Одлука за побрзо напредување на студентите се донесува под услови и постапка предвидена со овој Статут, Статутот на единицата на Универзитетот и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии.

***Паралелно студирање***

**Член 385**

Паралелно студирање е студирање според две одделни студиски програми.

Студентот може по завршувањето на првата студиска година паралелно да се запише и на друга студиска програма, ако ги исполнил условите за запишување определени со студиската програма и со надоместување на трошоците за студирање.

Студентот кој успешно ги завршил обврските според двете студиски програми добива одделни дипломи за секоја од паралелните студиски програми.

***Премин од едни на други студии***

***Право на преминување***

**Член 386**

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма на единицата каде што е запишан, како и на студиска програма на друга единица, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува, односно со правилата за студирање на

единицата.

Преминувањето на студентите се врши врз основа барање на студентот за признавање на остварените ЕКТС кредити.

Одлука за преминување од една на друга студиска програма носи единицата на Универзитетот под услови и постапка предвидена со овој Статут, Статутот на единицата на Универзитетот и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии.

***Преминување од друг универзитет***

**Член 387**

Студенти од студиски програми од други високообразовни установи од земјата и од странство можат да преминат на студиски програми на единиците на Универзитетот, под услови утврдени со студиската програма на која се преминува, односно со правилата за студирање на единицата, ако постои совпаѓање на студиските програми за стекнување на стручниот, односно академскиот назив утврден во студиската програма на која се преминува.

На студентот кој бара преминување може да му се утврдат дополнителни обврски за надминување на разликите во студиските програми, односно да ги исполни обврските по предметите и да ги положи испитите за да може да продолжи со студиите.

Студентите кои студираат на друг универзитет можат да преминат на Универзитетот во редовниот рок на запишување.

Студентите кои преминуваат се запишуваат под истите услови, како и студентите на единицата на која преминува.

Преминување од друг Универзитет се врши на основа на барање на студентот кое го доставува до архивата за студентски досиеа на единицата.

За студентите кои се префрлуваат на Универзитетот од друг Универзитет на исти студиски програми, се признаваат ЕКТС освоени на Универзитетот од кој доаѓаат и се префрлуваат во соодветната година.

За студентите кои се префрлуваат на Универзитетот од друг Универзитет на различни студиски програми, се признаваат ЕКТС согласно студиската програма на Универзитетот и се префрлуваат во соодветната година.

Студентите кои студираат на друг универзитет можат да преминат на Универзитетот надвор од редовниот рок на запишување под услови и постапка предвидена со Статутот на единицата и Правилникот Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии.

Одлука за преминување од друга високообразовна установа се донесува под услови и постапка предвидена со овој Статут,Статутот на единицата на Универзитетот и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии.

***Завршување на образованието***

**Член 388**

Студентите од првиот циклус на студии завршуваат со положување на сите испити,

исполнување на сите други студиски обврски, како и изработка на дипломски труд или полагање на завршен испит во зависност од студиската програма.

Студентите од вториот циклус завршуваат со положување на сите испити, исполнување на останатите студиски обврски, како и изработка на магистерски или специјалистички труд и негова одбрана, во согласност со студиската програма.

Докторските студии завршуваат со полагање на сите испити, како и изработка и одбрана на докторски труд (дисертација).

Со завршувањето на студиите во согласност со овој член, студентот стекнува соодветно стручно или академско звање или степен, како и други права во согласност со посебните прописи.

***Вид на документи кои на студентот му се издаваат***
***врз основа на евиденцијата***

**Член 389**

На студент кој ќе ги заврши сите обврски според студиската програма за добивање на високо образование во кој било циклус на образование, врз основа на евиденцијата што се води за него, Универзитетот му издава диплома.

Дипломата е јавна исправа и се издава во 1(еден ) примерок на македонски јазик и 1(еден)примерок на англиски јазик. Во случај да се загуби или уништи, се издава друг примерок.

Составен дел на дипломата е додатокот на дипломата.

**Член 390**

Поблиски одредби за постапката за издавање на дипломата и на други документи за завршени студии на високо образование, како и за начинот на вршење контрола на издадените документи, донесува Ректорската управа.

***Други јавни исправи***

**Член 391**

Други јавни исправи се: уверение, студентска легитимација и индекс.

На студентот покрај дипломата, му се издава и уверение, 1 (едно) за завршен циклус на студии и 1 (едно) за оценки и кредити, кои ги потпишува деканот на единицата и е одговорен за вистинитоста и законитоста на издадените јавни исправи.

Индексот (кој е во тегет- сина боја) го издава Универзитетот, а го потпишува Ректорот на Универзитетот.

Покрај индексот, Универзитетот издава и студентска легитимација.

Јавните исправи од овој член, покрај во материјална форма, се водат и во електронска форма.

***Дисциплинска одговорност на студентите***
***Основи за дисциплинска одговорност на студентите***

**Член 392**

Во текот на студиите, студентите мора да се придржуваат до законот, Статутот на Универзитетот, Статутот на единицата, правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии на Универзитетот, како и на другите акти на Универзитетот и единиците.

***Дисциплински мерки***

**Член 393**

Постапката за дисциплинска одговорност се спроведува врз начелото на праведност и сослушување од страна на дисциплинска комисија.

Повреда на должностите и неисполнување на обврските на студентите претставува секоја повреда на закон, овој Статут, Статутот на единицата, општ или друг акт на Универзитетот, односно единицата, со кои се регулираат правата и обврските на студентите.

**Член 394**

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студентот може да му се изрече дисциплинска мерка.

**Член 395**

Дисциплинските мерки ги изрекува дисциплинска комисија.

**Член 396**

Дисциплинската комисија е составена од 3 (три) члена. Членовите на дисциплинската комисија ги избира наставно – научниот совет на единицата, а членот од редот на студентите, студентското собрание на единицата.

Претседателот на комисијата се избира од редот на наставниците, 1 (еден) член се избира од редот на соработниците, а 1 (еден) член е претставник од редот на студентите.

Членовите имаат свои заменици. Изборот на замениците од редот на наставниците, односно соработниците го врши наставно – научниот совет на единицата, а заменик - членот од редот на студентите го избира студентското собрание на единицата.

***Видови на дисциплински повреди***

**Член 397**

Како лесни дисциплински повреди се сметаат:

- нарушување на јавниот ред и мир во текот на наставата;
- непристојно однесување спрема наставниците, соработниците или другите вработени, како и спрема студентите;
- регистрирање присуство на друг студент;
- небрежно однесување спрема имотот на Универзитетот, што може да доведе до оштетување во проценет износ до сто евра во денарска противвредност.

Како тешки дисциплински повреди се сметаат:

- користење направи за телефонска и електронска комуникација во текот на испитите;
- препишување или давање каква било помош на друг студент во текот на испитите;
- самоволно регистрирање заради добивање на бодови од активност;
- недозволено носење на опрема за аудио и/или видео фиксирање на авторско дело, вклучувајќи и приклучни мобилни телефони, од страна на студентите, при изведувањето на предавањата, вежбите и интерактивната настава;
- плагијаторство во форма на поднесување на туѓ семинарски труд или дипломски труд во свое име или друга форма која требало да биде изработена самостојно или во група во свое име;
- физички напад со нанесување на лесна или тешка телесна повреда;
- вербална или реална навреда на наставник или соработник;
- давање на неточни податоци на органите на Универзитетот, односно единицата;
- неовластен упад во информатичкиот систем на Универзитетот, односно единицата (веб - страница, електронски досиеја и слично);
- оштетувања на имот на Универзитетот во проценет износ над сто евра во денарска противвредност, поради непридржување кон пропишаните правила или безобѕирен однос кон имотот на Универзитетот, како и присвојување на предмети што се во сопственост на Универзитетот и
- повторени лесни дисциплински повреди.

***Видови на дисциплински мерки***

**Член 398**

За сторена дисциплинска повреда, на студентот може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

- опомена;
- јавна опомена и
- исклучување - кое се применува за учебната година во која е изречена.

Со цел индивидуализација во определувањето на дисциплинските мерки, се води сметка за приспособување на изречената мерка според тежината на сторената дисциплинска повреда.

Доколку дисциплинската повреда е сторена во врска со наставата, со изрекувањето на

дисциплинската мерка на студентот може да му се забрани полагање на еден или повеќе колоквиуми или испити (во една до три сесии) или повторно запишување на предметот.

***Поведување и тек на дисциплинската постапка***

**Член 399**

Студентите одговараат доколку повредата на должностите или неисполнувањето на обврските ги сториле смислено или од невнимание.

Секој наставник, соработник, раководител на Одделот за студентска архива на Универзитетот или друго вработено лице на Универзитетот, има право и должност да поднесе пријава против студент за сторена повреда на студентските обврски.

Пријавата за сторената повреда на студентските обврски се поднесува во писмена форма до деканот на единицата.

Врз основа на поднесената пријава, деканот на единицата поднесува барање за поведување дисциплинска постапка за утврдување на одговорноста на студентот.

Барањето за поведување дисциплинска постапка за утврдување на одговорноста на студентот, се доставува до Претседателот на дисциплинската комисија на единицата на Универзитетот.

Претседателот на комисијата е должен да покрене постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на студентот во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на барањето.

**Член 400**

Врз основа на поднесеното писмено барање, комисијата донесува решение за поведување на дисциплинска постапка.

Решението од став 1 на овој член се доставува до:

- подносителот на барањето за поведување на постапката и
- студентот против кој се поведува дисциплинската постапка, на начин на кој може да се утврди дали и кога е извршено доставувањето, а доколку тоа не е можно, се истакнува на огласната табла на единицата, при што по истекот на рокот од 8 (осум) дена се смета дека доставувањето е правилно извршено.

**Член 401**

По добиеното барање за поведување дисциплинска постапка, претседателот на дисциплинската комисија е должен да закаже седница.

Притоа, претседателот може да одлучи единствено на седницата да ги повика само членовите на дисциплинската комисија или да закаже јавна расправа.

Јавната расправа ја отвора и со неа раководи Претседателот на дисциплинската комисија.

За закажаната јавна расправа, студентот се известува со покана доставена лично или преку препорачана пратка на адресата што студентот ја пријавил како домашна адреса во досието на единицата и на студентската е - пошта, а доколку истото не е можно, со истакнување на известувањето на огласната табла на единицата, при што по истекот на рок од 8 (осум) дена се смета дека доставувањето е уредно извршено.

При одмерувањето на дисциплинската мерка, комисијата ќе ја земе предвид тежината на повредата, односно неисполнувањето на обврските, големината на штетата, олеснителните и

отежнувачки околности и друго.

Пред да се изрече дисциплинската мерка, комисијата, доколку е можно, задолжително го сослушува студентот.

Постапката пред комисијата трае најдолго 1 (еден) месец сметано од денот на поднесувањето на барањето.

**Член 402**

Дисциплинската комисија, со одлука може да одлучи:

- да го отфрли барањето за поведување на постапката поради застареност;
- да го одбие барањето поради недостаток на докази за сторената дисциплинска повреда или
- да изрече дисциплинска мерка.

**Член 403**

Одлуката за изречената дисциплинска мерка, се доставува до:

- подносителот на барањето;
- студентот;
- Архивата на единицата;
- Архивата за студентски досиеја за прв, втор и трет циклус на студии.

**Член 404**

Против одлуката на дисциплинската комисија, студентот има право да поднесе приговор до наставно - научниот совет на единицата, како второстепен орган, во рок од 8 (осум) дена од нејзиниот прием.

**Член 405**

Наставно – научниот совет на единицата го разгледува приговорот на првата седница по неговото поднесување, односно во рок не подолг од 30 (триесет) дена и може да донесе одлука со која:

- ја потврдува одлуката за изрекување на дисциплинската мерка донесена од дисциплинската комисија;
- го отфрла приговорот како недозволен или ненавремен и
- го прифаќа приговорот како основан и го преиначува диспозитивот на одлуката за изрекување на дисциплинската мерка.

Одлуката на наставно - научниот, односно уметничкиот совет е конечна.

### *Застарување на дисциплинската одговорност*

**Член 406**

Поведувањето и водењето на дисциплинската постапка застаруваат во рок од 3 (три) месеци од дознавањето за направената дисциплинска повреда, односно во рок од 6 (шест) месеци од сторувањето на дисциплинската повреда.

**Член 407**

Изречената дисциплинска мерка се објавува на огласната табла на единицата, а 1 (еден) примерок се чува во досието на студентот.

### *Годишен извештај за работа*

**Член 408**

Дисциплинската комисија е должна еднаш годишно да поднесе извештај за својата работа до наставно - научниот совет, односно уметничкиот совет на единицата.

### *Учество на студентите во управувањето*

**Член 409**

Универзитетското студентско собрание е тело на Универзитетот, во кое членуваат претставници на студентите, коишто ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.

Факултетското студентско собрание е тело на единицата на Универзитетот, во кое членуваат претставници на студентите.

Работата на Универзитетското студентско собрание и Факултетското студентско собрание се утврдува со Статут на Универзитетското студентско собрание и Статут на Факултетското студентско собрание.

Согласност на Статутот на Универзитетското студентско собрание, дава Сенатот на Универзитетот, а на Статутот на Факултетското студентско собрание, наставно - научниот совет на единицата.

Работата на студентското собрание се финансира од средства на Универзитетот, како и од: легати, подароци, завештанија, прилози, членарина и други извори.

Студентските собранија донесуваат одлуки за располагање со финансиските средства за нивно работење, кои ги доставуваат до Сенатот на Универзитетот.

**Член 410**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание, имаат сите студенти на единицата кои се запишани на студии во учебната година во која се избира факултетското студентско собрание.

Факултетското студентско собрание брои 10 (десет) членови,кои се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува деканот во рок од 30 дена пред нивното одржување. Во одлуката за распишување на избори, деканот на единицата именува изборна комисија составена од 5 (пет) членови од кои тројца студенти и двајца наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание.

Доколку деканот на факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во определениот рок, изборите ги распишува ректорот на универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот (3) на овој член.

Во ваков случај, изборна комисија составена од 5 (пет ) членови, од кои тројца студенти и двајца наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание, формира ректорот на Универзитетот.

**Член 411**

Тајното гласање за избор на членови и претседател на факултетското студентско собрание, се врши со гласачки ливчиња изготвени од страна на изборната комисија.

Изборната комисија подготвува посебни гласачки ливчиња, раководи со гласањето и ги утврдува резултатите од гласањето.

Гласачките ливчиња треба да бидат со иста големина и во иста боја.

Кандидатите за избор, на гласачките ливчиња се внесуваат по азбучен ред од нивното презиме.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број.

Пред да се премине на тајно гласање, еден од членовите на изборната комисија на единицата ги дава потребните објаснувања за начинот на гласањето.

Гласачките ливчиња се даваат на студентите на единицата и гласањето се врши со прозивка од страна на еден од членовите на изборната комисија според списокот на студенти.

При тајното гласање, студентот на единицата на гласачкото ливче го означува кандидатот за кој гласа така што го заокружува редниот број пред името и презимето на истиот.

**Член 412**

По спроведеното тајно гласање, изборната комисија ги соопштува резултатите од гласањето.

Комисијата најпрво го утврдува бројот на оние кои гласале.

Неупотребените гласачки ливчиња комисијата ги пребројува и ги става во посебно плико и го запечатува. Потоа комисијата утврдува колку лица гласале според списокот, ја отвара гласачката кутија и ги пребројува гласачките ливчиња.

Резултатите од гласањето се утврдуваат според бројот на гласачките ливчиња пронајдени во гласачката кутија, а не според бројот на гласачите означени во списокот за гласање дека истите гласале, ако овие два броја не се совпаѓаат.

По завршеното пребројување на гласовите, записникот за утврдените резултати од гласањето, списокот за гласање и употребените гласачки ливчиња се ставаат во посебно плико кое се запечатува. Во ова плико се ставаат одвоено и неупотребените гласачки ливчиња.

Резултатите од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание, ги утврдува изборната комисија на единицата записнички.

**Член 413**

Факултетските студентски собранија именуваат по двајца претставници во Универзитетското студентско собрание на универзитетот во чиј состав се.

Претседател на универзитетското студентско собрание се избира од редот на претставниците именувани во универзитетското студентско собрание.

Претседателот на Универзитетското студентско собрание се избира на конститутивна седница на која присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на собранието, по спроведено тајно гласање.

Мандатот на членовите и на претседателот на универзитетското студентско собрание трае 1 (една) година, со право на уште еден избор.

## XVII. ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

### Член 414

Универзитетот е член на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија.

### Член 415

При изборот на членови во составот на Интеруниверзитетската конференција, се води сметка да бидат застапени претставници од различни наставно - научни подрачја.

## XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 416

Студентите запишани пред влегување во сила на овој Статут продолжуваат да студираат според правилата што важеле во моментот на запишувањето, доколку новите правила не се поповолни за нив.

### Член 417

Општите акти на Универзитетот ќе се донесат во рок од 3 (три) месеци од денот на добивање на согласност на Статутот на Универзитетот од страна на Собранието на Република Македонија.

### Член 418

До донесување на другите  акти  утврдени со Статутот, ќе се применуваат одредбите од Законот за високо образование и одредбите од овој Статут.

### Член 419

Странските професори извршуваат и понатаму ќе извршуваат вискообразовна дејност на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле Охрид ".

### Член 420

Сенатот ги врши работите на наставно –научен совет, врши избор на наставници и други работи од надлежност на наставно-научен совет до формирање на наставно-научните совети на единиците.

### Член 421

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престануваат да важат одредбите од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле “ Охрид бр. 02-1196/4 од 18.06.2010 година.

**Член 422**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски гласник" на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето на согласност од Собранието на Република Македонија.

Претседател на Универзитетски сенат,

Проф. д-р Нинослав Марина